УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Правен факултет

Марина Ангеловска

# „Доказни средства во парнична постапка во имотни односи“

-Магистерски труд-

Штип,  ноември, 2014

**Комисија за оценка и одбрана**

**Ментор: Војо Беловски**

Проф. Д-р, Правен факултет – Штип

**Претседател:** Борка Тушевска

Доц. Д-р, Правен факултет-Штип

**Член:** Љупчо Сотироски

Проф. Д-р, Правен факултет-Штип

## Содржина

ПОПИС НА ТАБЕЛИ ..... 6
ПОПИС НА ГРАФИКОНИ ..... 7
Апстракт ..... 8
Abstract ..... 9
ВОВЕД ..... 10
1. Актуелност на проблематиката на истражувањето ..... 10
2.Предмет на истражувањето ..... 11
2.1.Временско одредување на предметот на истражување ..... 12
2.2. Просторно одредување на предметот на истражување ..... 12
3. Цел на истражување ..... 12
4. Хипотези и варијабли ..... 12
Генерална хипотеза ..... 12
Посебни хипотези ..... 13
Дефинирање на варијаблите ..... 13
5. План за работа ..... 13
5.1. Термински план ..... 14
5.2. План за технички средства ..... 14
6. Очекувани резултати ..... 14
7. Методологија на истражувањето ..... 15
*Глава 1* ..... 16
ДОКАЖУВАЊЕ И ДОКАЗНИ СРЕДСТВА ..... 16
1. Докажување и видови на доказни средства ..... 16
2. Докази и изведување на докази ..... 20
3. Доказни средства ..... 22
3.1. Увид ..... 22
3.2. Исправа ..... 23
3.3. Сведоци ..... 24

3.4. Вештаци ... 25

3.5. Толкувач ... 26

3.6. Сослушување на странки ... 27

4. Обезбедување на докази ... 28

*ГЛАВА 2* ... 30

ДОКАЗНИ СРЕДСТВА ВО ПАРНИЧНА ПОСТАПКА ВО ИМОТНИ ОДНОСИ ... 30

1. Увид како доказно средство во парнична постапка ... 30

1.1 Поим за увид ... 30

1.2 Кога и зошто доаѓа до увид во парнична постпка ... 31

2.Исправи како доказно средство во парнична постапка во имотни односи ... 35

2.1 Видови исправи кои се користат како доказни средства во парнични постапки ... 35

2.2. Вистинитост на исправите кои се користат како доказни средства во парнични постапки ... 41

2.3. Регулирање на исправата како доказно средство во Законот за парнична постапка во Република Македонија ... 42

3.Сведоци како доказно средство во парнична постапка во имотни односи ... 44

3.1. Должности на сведокот ... 44

3.2. Способност за сведочење ... 46

3.3 Предности и недостатоци при докажување преку сведочење ... 49

3.4 Сослушување на сведокот ... 52

3.5. Законска регулатива на сведоците во Законот за парнична постапка на Република Македонија ... 56

4.Вештаци како доказно средство во парнична постапка во имотни односи ... 57

4.1. Субјекти на вештачење и улоги ... 59

4.2. Должности и права на вештакот ... 66

4.3. Законска регулатива на вештакот во парничната постапка во Република Македонија ... 67

5. Сослушување на странки како доказно средство во парнична постапка во имотни односи ... 68

5.1. Кои лица можат да се сослушат како сведоци..............................................70

5.2. Повикување на странка за сослушување ....................................................73

5.3 Супсидијарноста како карактеристика на доказното средство сослушување на странките...........................................................................74

5.4. Давање на лажен исказ................................................................................74

*ГЛАВА 3* ...................................................................................................... 76

АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ВО ПАРНИЧНИ ПОСТАПКИ ВО ИМОТНИ ОДНОСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 76

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА........................................................................ 107

ПРИЛОЗИ...........................................................................................................110

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.......................................................................... 120

## ПОПИС НА ТАБЕЛИ


- Табела 1 – Истражувачки примерок низ призма на судови од кои се анализирани случаи на парнична постапка на имотни односи;
- Табела 2 – Преглед на движењето на предмети во судот кои се опфатени со ориентационата норма за месец март 2014 година (граѓански дел);
- Табела 3 – Извештај за парнични постапки-Основен суд-Кочани за месец октомври 2014;
- Табела 4 – Вкупен приказ на имотни спорови во Основен суд Виница за месец септември 2014;
- Табела 5 – Вкупен приказ на имотни спорови во Основен суд Делчево за месец октомври 2014;
- Табела 6 - Анализирани случаи според предметот на судскиот случај;
- Табела 7 – Примена на лични и стварни доказни средства;
- Табела 8 – Видови на доказни средства;
- Табела 9 – Лични доказни средства;
- Табела 10 – Одлуки на анализирани случаи на имотни односи во парнична постапка;
- Табела 11 – Стварни доказни средства;
- Табела 12 – Ефикасност на доказни средства (усвоена тужба;)
- Табела 13 – (Не)Ефикасност на доказните средства од аспект на одбиена тужба;
- Табела 14 – Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на лични доказни средства;
- Табела 15 - Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на стварни доказни средства;
- Табела 16 – Тестирање на разлики со т-тест

## ПОПИС НА ГРАФИКОНИ


- Графикон 1 – Истражувачки примерок низ призма на судови од кои се анализирани случаи на парнична постапка на имотни односи
- Графикон 2 - Анализирани случаи според предметот на судскиот случај
- Графикон 3 – Примена на лични и стварни доказни средства
- Графикон 4 – Видови доказни средства
- Графикон 5 – Лични доказни средства
- Графикон 6 - Одлуки на анализирани случаи на имотни односи во парнична постапка
- Графикон 7 – Стварни доказни средства
- Графикон 8 - Ефикасност на доказни средства (усвоена тужба)
- Графикон 9 - (Не)Ефикасност на доказните средства од аспект на одбиена тужба
- Графикон 10 - Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на лични доказни средства
- Графикон 11 - Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на стварни доказни средства

## Апстракт

При водењето на парнична постапка на имотни односи, особено внимание се посветува на доказните средства преку кои се изведуваат и изнесуваат фактите. Доказите можат да бидат лични доказни средства и стварни доказни средства.

Согласно законската регулатива, односно Законот за парнична постапка, се уредуваат правилата на чијашто основа, за време на расправа се одлучува во споровите за основните права и обврска на граѓаните, за нивните лични и семејни односи, како што се работните, трговските, имотните и другите граѓанско – правни спорови. Во Законот се содржани аспектите на сите доказни средства, како и нивните предности, недостатоци, права и должности.

Од направената анализа за потребите на магистерскиот труд, се дојде до сознание дека постои статистички значајна разлика при донесувањето одлука на судот, од аспект на примена на лични и стварни доказни средства.

**Клучни зборови:** ***докази, закон, парнична постапка, имотни односи, судска одлука.***

## Abstract

In conducting litigation on property relations, special attention is given to the means by which evidence is presented and the facts amount. Evidence can be public evidence and actual evidence.

According to the regulations, or the Code of Civil procedure regulates rules whose basis during the hearing decition in disputes about the basic rights and obligations of citizens, their personal and family relationships such as working, shopping, property and other civil - legal disputes. The Law contains aspects of all evidence, as well as their advantages, disadvantages, rights and duties.

The analysis for the thesis came to the conclusion that there is a statistically significant difference in the decision of the court, in terms of application of the public and real evidence.

**Keywords:** ***evidence, law, civil procedure, property relations, judicial decision.***

## ВОВЕД

### 1. Актуелност на проблематиката на истражувањето

Задача на судот во парница е да го реши спорот што е нејзин предмет. Тоа значи дека судот ќе донесе одлука, што пак понатаму значи правилана примена на соодветна правна норма врз целосна и правилно утврдена фактичка состојба.

Фактичката состоја е целосна и правилно утврдена ако се правилно утврдени сите решавачки факти за спорот. Фактите ќе бидат правилно утврдени ако доказите со кои се утврдува нивната вистинитост се правилно изведени и оценети. Доказот е средство од кое судот црпи сознание за вистинитоста за фактото што е од значање за донесување на одлука. Тема на мојот магистерски труд е: „Доказни средства во парнича постапка во имотни односи“ направен е детален осврт, односно анализа на доказните средства во парнична постапка кои изречо се наведени во Закон за парнична постапка.

Магистерскиот труд со наслов ***Доказни средства во парнична постапка во имотни односи*** е структуиран во три засебни целини, односно:

Во првиот дел насловен со ***Докажување и доказни средства*** најпрво е направена теоретска елаборација на докажувањето и на видовите доказни средства кои се применуваат, како и на самите докази и изведувањето на докази. Доказните средства се анализирани низ призма на увид, исправа, сведоци, вештаци, толкувачи и сослушување на странки. На крајот од овој дел е направена елаборација на рамката на обезбедување на доказите.

Во вториот дел од трудот насловен како ***Доказни средства во парнична постапка во имотни односи*** најпрво се говори за исправите како вид на доказни средство во парнична постапка во имотни односи. Имено, во

овој дел се истакнати видовите на исправи кои се применуваат во парничните постапки како доказни средства, притоа придавајќи значење и на вистинитоста на исправите. Во овој дел елаборирани се и сведоците кои се вид на доказно средство, притоа истакнувајќи ги нивните должности и способност за сведочење, предностите и недостатоците при докажување преку сведочење, за на крај да се истакнат сегментите на сослушување на сведокот. Вештаците како доказно средство се согледани од аспект на субјектите на вештачење и улоги, како и на нивните права и должности. Сослушувањето на странките е истакнато од аспект на правата на лицата кои се повикани на сослушување, самиот чин на повикување на странката за сослушување и одговорноста на лицето при давање на лажен исказ.

Во третиот дел од трудот насловен како ***Анализа на случаи во парнични постапки во имотни односи во Република Македонија*** најпрво е даден приказ на примерокот на анализа, истакнување на истражувачкиот примерок, потоа е даден краток осврт на анализираните случаи. Потоа следи статистичка обработка на податоците од анализираните случаи од парничните постапки во имотните односи, за да на крај од овој дел биде направен осврт на поставена хипотетичка рамка.

На крајот од трудот се дадени заклучни согледувања кои се темелат на теоретската елаборација на тематиката, но и на база на анализираните случаеви од парнични постапки во имотните односи.

## 2. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување на овој магстерски труд е доказаните средства во парнична постапка со акцент на имотни односи. Во ова истражување ќе ставиме акцент на имотните односи, односно доколку дојде до спорење на некое право од имотни односи кои доказни средства ќе ги приложат сранките кои се изречно наведени во Закон за парнична постапка.

### 2.1. Временско одредување на предметот на истражување

Случаите кои се анализирани во трудот се однесуваат на 2014 година, односно земени се во предвид случаи од последниот квартал на годината.

### 2.2. Просторно одредување на предметот на истражување

Истражувањето се однесува на парничните постапки во имотните односи на територијата на Република Македонија (Кочани, Берово, Виница, Делчево, Велес)

## 3. Цел на истражување

Целта на овој магистерски труд е да се утврдат, да се анализираат, да се проучува и да се анализират главните карактеристики на доказните средства во парнична постапка во имотни односи. Овие цели ќе се постигнат со споведување на слениве задачи:

- Анализа на доказно средство  увид;
- Анализа на доказно средство  исправи;
- Анализа на доказно средство  сведоци;
- Анализа на доказно средство  вештаци;
- Анализа на доказно средство сослужување на странки;

## 4. Хипотези и варијабли

**Генерална хипотеза**

„Не постојат статистички значајни разлики во утврдување на факти во парнична постапка во имотни односи, односно утврдување на факти со лични доказни средства не се разликува од утврдување со стварни доказни средства“.

**Посебни хипотези**

- Утврдување на факти со лични доказни средства како сведоци, вештаци и старнки.
- Утврдување на факти со стварни доказни средства како исправи и предмет на увид.

**Дефинирање на варијаблите**

- ***Зависна варијабла***

„Ефективноста во изведување на доказните средства при парнична постапка во утврдување на имотни односи“

- ***Независна варијабла***

Реалната состојба на застапеноста на лични доказни средства како сведоци, вештаци и старнки и стварни доказни средства како исправи и предмет на увид во имотни односи.

## 5. План за работа

При изработката на магистерскиот труд е спроведено истражување на база на достапни одлуки на судовите во Република Македонија од аспект на имотните односи.

Преку обработката на овие податоци со соодветна примена на одредени методи се утврдува ефикасноста на доказните средства во парничните постапки за имотни односи, притоа осврнувајќи се на личните доказни средства и стварните доказни средства. Исто така, направена е анализа и на работењето на секој од опфатените судови во однос на имотните односи, согласно на последно објавените извештаи.

## 5.1. Termински план

Анализата на база на достапните одлуки на Основните судови за парничните постапки на имотни односи е направена во втората половина на месец октомври 2014 година и првата декада на месец ноември 2014 година.

## 5.2. План за технички средства

За обработката на тематиката на овој магистерски труд беа применети следните технички средства:

- Компјутер
- Печатач
- Преносна меморија
- Фотокопир.

## 6. Очекувани резултати

- Детална анализа на доказно средство увид во парнична постапка во имотни односи;
- Детална анализа на доказно средство исправи во парнична постапка во имотни односи ;
- Детална анализа на доказно средство сведоци во парнична постапка во имотни односи ;
- Детална анализа на доказно средство вештаци во парнична постапка во имотни односи;
- Детална анализа на доказно средство сослушување на странки во парнична постапка во имотни односи.

## 7. Методологија на истражувањето

При изработката на магистерскиот труд методолошки гледано прибирањето, систематизирањето, анализирањето и презентирањето на собраните податоци, аргументи и факти ќе се изврши со употреба на логичко оправдан заокружен и научмо-фундиран пристап. При истражувањето и изготвувањето на магистеркиот труд ќе бидат користени повеќе методи на истажување. Методи кои ќе бидат користени се правен метод, дескриптивен метод, метод на анализа, метод на синтеза, метод на компарација и метод на анализа на случај.

- Правен метод е таков метод којшто државата и правото го изучува исклучиво преку анализа на многубројни правни норми на државата. Дескриптивниот метод ќе најде примена објаснување и опишување на предметот на истражување.
- Методот на анализа ќе послужи за да се утврдат основните карактеристики и обележја на методот на истажување, а со методот на синетеза ќе се синтезираат резултатите кои ќе укажат на сличности и разлики кои постојат помеѓу нив.
- Компаратиниот метод е применет за споредба на ефектите од личните и од стварните доказни средства.
- Статистичкиот метод е применет за средување, обработка и пресметка на анализираните податоци од случаите на парнична постапка. Податоците се анализирани со помош на статистичката програма Excel.
- Методот на дедукција е применет за извлекување на заклучни согледувања од направеното теоретско истражување, но и од анализираните случаи.

Дел од информациите потребни за изготвување на трудот се добиени со пребарување по релевантни бази на податоци на интернет.

*Глава 1*

## ДОКАЖУВАЊЕ И ДОКАЗНИ СРЕДСТВА

### 1. Докажување и видови на доказни средства

Во науката и практиката постојат низа термини и поими својствени за фазата постапки во кои со докажувањето се утврдува вистината за спорни факти. Учењата во оваа фаза имаат карактер на посебна дисциплина во науката на процесното право. Во поднесоците пред главната расправа и на главната расправа на самото докажување му претходат:предлози од странката за изведување на докази, решавање за тоа кои докази треба да бидат изведени, поднесување на докази од странките и нивно прибирање од страна на судот. По овие подготовки се преминува на изведување на докази на главната расправа и на нивна оценка во завршниот збор на странката. За резултатите за докажување судот во образложенито на одлуката изнесува заклучоци од коишто произлегува утврдувањето за вистинитоста на фактите коишто биле предмет на докажување. Работите и лицата со помош на кои судот стекнува сознанија се викаат доказни средства. Законот како доказни средства ги наведува:

- увидите,
- исправите,
- сведоците,
- вештаците и
- сослушување на странките.

Признавањето на фактите не е доказно средство, туку има значење за процесната работа со којашто се отстранува докажувањето. Судот може да нареди да се докажуваат фактите кои што странката ги признала пред судот ако смета дека странката со нивното признавање оди со тоа дека располага со барањето коешто не може да се располага. Земајќи ги во предвид сите

околности, судот по свое уверување ќе оцени дали ќе ги земе за признати или оспорени фактите коишто странката прво ги признала, а по потполно или делумно потекло или ограничување на признание со додавање на други факти.

- ***Доказна сила***: е можноста на доказното средство да создаде кај судот уверување за тоа дека одредени факти постојат или не постојат. Доказната сила не се рангира според видот на доказно средство, однапред и апстрактно, туку вредноста и значењето на одделен доказ се оценува конкретно, земајќи ја оценката на секое доказно средство одделно.

- ***Главниот доказ***: успеал ако го довел судот до уверување дека е вистинито она што пред судот се тврди за спорниот факт. Овој доказ потекнува од странката, која во поглед на тие факти, го сноси товарот на докажување.

- ***Против доказ***: се изведува на предлог на спротивната странка со цел судот да се убеди дека реалната состојба е спротивна од она што го тврди странката што е товар на докажување. За успех на противдоказот доволно е да ја доведува до сомнени вистиноста на тврдењето за кое што е употребен главниот доказ.

- ***Доказ за спротивно***: има за цел да ја собори законската претпоставка, односно да се утврди дека не постојат факти чиешто постоење законот ги претпоставува. Доказ за спротивното има карактер на главен доказ.

- ***Предмет на докажување***: се фактите, односно случувањата за минатото или сегашноста.

- ***Изведување на докази***: е употреба на доказно средство од страна на судот со цел сознание на содржината на употребеното доказно средство. Содржината на она што се изведува како доказ, влегува во сознание на судот како туѓо сетилно запазување, односно мислење (сослушување на сведоци или странки, односно вештаци), или одреден предмет за увид излегува од сетилото на судиите или судот со читање на исправата

дознава некоја мисла содржана во исправата.

- ***Оценување на доказите***: е завршната работа за докажување и се состои во испитување дали докажуваниот факт, односно докажаниот факт треба според доказните причини да се земе за постоечки.

Доказните причини се сите околности од коишто судот треба да изведе свој заклучот за тоа прашање. Со тоа поимот е опфатен не само со резултатите за изведениот доказ, туку и содржината на целокупното расправање.

- ***Непосреден доказ***: е кога со неговото изведување се потврдува постоењето на фактите од кои според материјално-правната норма зависи содржината на меродавната одлука.
- ***Посреден факт***: е кога судот до својот став за постоење на факти релевантни за материјалното право доаѓа до логично изведување од постоењето на некој друг факт којшто за таа цел се докажува или кој што е неспорен.

Индицијата е посреден доказ за парничната постапка, тоа најчесто е случај во парници за наплата на долг. Тужениот може да се брани со признаница од тужителот за исплата на долгот, но тоа не е непосреден доказ туку само индиција дека долгот е платен, како и обратно.

Степенот на докажаност го одредува резултатот до кој што судот доаѓа со изведување на доказите за спорниот факт. Фактот кој што бил предмет на докажување судот го зема како подлога за својата одлука само ако биде докажана. Ова својство може да има два степени на интензитет - висок и низок.

Правен факт е секоја околност за којашто правната норма поврзува некое дејство, а кој што е конкретно одреден во просторот и времето. Таква околност претставува настан којшто се случил во минатото или состојба којашто постоела или сѐ уште постои. На пример, фактите се физичко својство на некои работи, состојба на здравје на некое лице, цена на еден артикл, вредноста на една услуга, престојувалиште на странката, содржината за изјава

на волја, кај надоместок на штета - работа, односно пропуштањето со коешто штетата е предизвикана. Предмет на докажување можат да бидат фактите коишто се однесуваат на состојбата на човековата свест, тие факти обично се утврдуваат посредно со заклучување.

- ***Ноторен факт*** - општо познат факт тоа пред се се оние факти коишто се познати на секој просечен човек ил поголем број на луѓе. Во поглед на ноторните факти, важи правилото дека оној којшто се повикува на нив, не мора да ги докажува. Дали еден факт треба да се земе како општо познат за тоа одлучува судот по слободна оценка. Се смета дека општопознати факти се оние за коишто судот дознал при вршењето на судската функција доколку судот ги соопштил на расправата на странките.

Товарот на докажување паѓа на товар на тужителот, бидејќи тој во тужбата тврди дека одредено правото му припаѓа според тужениот. ЗПП содржи општи правила за товарот на докажување. Ако судот врз основа на изведените докази, не може со сигурност да утврди некој факт за постоење на такви факти заклучува со примена на правила за товарот на докажување. Товарот на докажување на фактите коишто се важни за настанокот или остварувањето на правата, ги сноси странката чија докажаност на тие факти по материјалното право му оди во корист, ако со законот не е различно уредено.

Доказни средства *(докази)* се сите лица и предмети коишто според правилата на парничното процесно право и по својата природа се подобни во судската постапка да се употребат како извори на информации за реалните настани, релевантни за пресудување.

Со процесните правила детално е пропишана постапката за прием или добивање на информации според видот на доказното средство. Според својата природа, доказните средства се:

- реални *(увиди и исправи)* и

- персонални *(сведоци, вештаци и странки).*

Според тоа дали даваат информации за одлучни факти или за индиции, доказните средства можат да бидат:

- непосредни и
- посредни.

Напоменуваме дека овие ознаки се користат и да се одреди дали доказното средство му дава на судот непосредна информација за она што се докажува (увид, во одредена смисла и исправа) или само ги соопштува податоците од кои судот дури со своја мисловна операција треба да дојде до сознанијата за релевантните факти (сведок, вештак). Веќе е спомнато дека со закон не се одредува редоследот на изведување на докази, ниту дека со одделни доказни средства се придава силна доказна сила. Исклучително, доказот за сослушување на странките може да се одреди, дури ако од веќе изведени докази се гледа дека тоа е потребно заради утврдување на различни факти.[1]

## 2. Докази и изведување на докази

Првенствено на странката и се прдложуваат доказни средства заради утврдување на вистинитост за нивното тврдење за релевантни факти. Тука спаѓа и изјавата дека странката е подготвена да се сослуша со цел докажување. Предлогот може да се изјави усмено и писмено, се до заклучување на главната расправа, па преку извесни ограничувања и во постапката по правни лекови. Предлогот треба да биде така формулиран, да се означат фактите и доказните средства со кои што тој факт се докажува. Судот со решение одредува кои факти ќе се докажуваат и кои од предложените или други доказни средства.

Судот е овластен по службена должност да одреди докажување на средствата, кои странките не ги предложиле, ако тоа е важно за утврдување на

[1] Радованов,А„ Граѓанско процесно право, изменето и дополнето издание, Правен факултет, Нови Сад, 2009, стр.154

битните факти, но со услов странката да положи покривање на трошоците за докажување (доколку постојат). Кога судот ќе претпостави дека странките одат кон располагање на барањата со кои не можат да диспонираат, судот, исто така, е овластен да ги испита фактите коишто странките не ги соопштиле и за тоа да спроведат докази коишто странките не ги предложиле.

Решението за изведување на докази го носи советот на паричниот суд на главна расправа. Извесни овластувања има и претстедателот на советот во текот на подготовка на главната расправа:

- Одредува вештачење, ако странките за тоа не се противат;
- Спроведува увид вон судот, ако странките се согласни за тоа;
- Повикува сведоци и вештаци на главната расправа;
- Наложува собирање на списи, исправи и предмети, потребни на главната расправа;

Меѓутоа, судскиот совет на главна расправа дефинитивно одлучува кои докази и на кој начин ќе се изведат. Може да се уважи или да се одбијат докази коишто ги одредил или веќе ги извел претседателот на советот. Во решавањето за изведување на докази се одредуваат спорните факти за кои што треба да се спроведат докажувања и доказни средства коишто ќе се употребат.

Против тоа решенија не е дозволена жалба, без разлика дали предлозите на странката се усвојуваат или одбиваат. Со тоа решение кое е повеќе израз на појдовен став на судот и определувањата за насочување и начинот на водење на постапки, судот не е поврзан во понатамошен тек на парницата. Може да се употреби или сосема да се отповика, зависно од развојот на постапката и потребите на докажување.[2]

ЗПП и теоријата на парничната постапка се занимаваат поопширно за доказите и изведувањето на доказите. Странките се должни да ги изнесат сите факти врз коишто ги базираат своите барања и да предложат докази со кои

[2] Радованов, оп. цит. стр.153

што се утврдуваат тие факти. Судот е должен да ги утврди сите факти од коишто зависи основаноста на барањето, а овластен е да утврди и факти коишто странките не ги изнеле и да изведе докази коишто странките не ги предложиле, ако од расправањето и докажувањето произлегува дека странките располагаат со барања со коишто не можат да располагаат, односно коишто се спротивни на принудните прописи, јавното потекло и правилата на морал или кога тоа со посебни прописи е предвидено. Судот не може својата одлука да ја базира на факти за коишто на странката не ѝ е дадена можност да се изјасни, освен кога со закон не е различно пропишано. Тоа се однесува на сите битни факти, без разлика од кого потекнуваат, иницијатива за нивно утврдување.

Најважно правило е во тоа судот резултатот на изведените докази да ги цени слободно, по свое уверување. На принципот на слободна оцена на доказите му служи и правилот по коешто судот може да ја одреди употребата на секое доказно средство и таквите докази коишто ниту една од странките не ги понудила или за чија употреба се противат и двете, ако тие докази се битни за одлучување.[3]

## 3. Доказни средства

Во овој дел од трудот е направена елаборација на доказните средства кои се применуваат при постапката: увид, исправа, сведоци, вештаци, толкувачи и сослушување на странки.

### 3.1. Увид

Увидот е непосредно сетилно запазување на судот за својствата или состојбата на работи или лица. Сетилното запазување најчесто е од сетилото вид, а во обѕир на доказите и другите сетила. На пример, со слухот судот ја

[3] Марјанович. В, Граѓанско процесно право, трето изменето и доплнето издание. Пројурис Белград, 2007 стр.137

утврдува јачината на звуците и дали тие сметаат за користење на просториите за домување итн. Увидот ЗПП го дефинира така што одредува кога судот презема увид:

- кога за утврдување на некои факти или
- за разјаснување на некои околности потребно е некое запазување на судот.

Оваа дефиниција во себе опфаќа и случаи кога за правна оценка за која што странките не се согласуваат, потребно е судот да извеси и за неспорните факти од коишто зависи правната оценка.[4]

### 3.2. Исправа

Теориски, исправата е телесен предмет на којшто со пишани знаци се изразува една мисла. Во теорија и во законот исправите се делат на:

- Јавни, и
- нејавни.

Јавна исправа е исправа со која во пропишан облик ја издал државниот орган во границите на својата надлежност, како и исправа која во таков облик ја издала организација или заедница за вршење на јавно овластување кое и е доверено со закон или одлука на совет на општина базирано на закон. За таква исправа законот изричито кажува дека „докажува вистинитост на она што во неа се потврдува или одредува“.

Нејавна е онаа исправа којашто не може да се спроведе под закон за да биде јавна исправа. Значи дека како нејавна треба да се земе не само исправата којашто потекнува од поединецот, туку и исправа издадена од организацијата и заедницата на којашто не и се доверени вршења на јавни овластувања.

[4] Марјаноич, оп.цит, 138

Врз основа на поделбата на јавна и нејавна теорија, се разликуваат уште диспозитивни исправи коишто содржат изјава на волја на којашто се заснова, менува или укинува некој правен однос, односно доказни исправи со коишто се сведочи некое случување. Постои уште и поделба на оригинални исправи и преписи - копии, поделба која има практично значење за одделни фази на паричната постапка во фаза на изведување на понуден доказ се поднесува оригинална исправа.[5]

### 3.3. Сведоци

Сведок е физичко лице коешто му дава на судот исказ за своето забележување на фактите во минатото. Во практика, сведоците се доказно средство во голем број на парници и судот често со само тоа доказно средство утврдува што е вистина во конкретниот спор. ЗПП уредува прашања коишто се неопходни за правилно користење на ова доказно средство. На прво место тука е должноста на секое лице да одговори на позивот и да сведочи пред судот. Должноста на сведочењето лежи само на лицата коишто се способни да даваат известувања за фактите коишто се докажуваат. ЗПП ја исклучува употребата на овој доказ ако одредено лице со својата изјава ја повредило должноста на чување на службена тајна или војна тајна, ако надлежните органи не го ослободат од таа должност. ЗПП посветува посебно внимание на оценувањето на исказите на сведоците.

Првенствено, доказот за способноста на сведокот да ги забележи фактите и да ги задржи во сеќавањето. Овој факт зависи од општата култура на сведоци и функционирање на сетилата и паметењето. Исказот на сведоците се цени и според околностите под коишто сведокот ги запазил фактите, сведокот којшто е повикан да присуствува со одреден настан или да ги види фактите по случувањето, секако подобро ќе воочи што се случува и ќе се сеќава што се случило, отколку сведокот којшто случајно дошол.[6]

[5] Марјановиќ, оп.цит.,139

[6]Марјановиќ, оп.цит., 139

### 3.4. Вештаци

Вештакот е лице коешто користејќи се со своето стручно знаење ги изнесува своите сегашни запазувања - наод и дава мислење за фактите коишто се предмет на докажување. Вештакот може да биде лице коешто исполнува услови да биде сведок, но притоа мора да има стручно знаење за утврдување, односно разјаснување на некои факти.

Судот го користи ова доказно средство кога сам нема потребно стручно знаење коешто треба да го употреби. Странката којашто предлага вештачење, должна е во предлогот да го назначи предметот и обемот на вештачење и да предложи лице за вештак од листата на постојани судски вештаци. За тој предлог, спротивната страна има право да се изјасни. Ако странките не постигнат договор за лицето коешто ќе биде одредено за вештак и за предметот и обемот на вештачење, за тоа мора да одлучи судот. Независно од договорот на странките, судот може да одреди друг вештак, ако оцени дека сложеноста на вештачењето тоа го бара.

Вештачењето го врши еден вештак. Но, судот може да одреди два или повеќе вештаци кога ќе оцени дека вештачењето е сложено. Вештаците се одредуваат првенствено од редот на постојани судски вештаци за одреден вид на вештачење. Вештачењето може да се довери и на стручна установа, но кога постојат посебни установи за вештачење, особено сложените вештачења се доверуваат првенствено на тие установи.

Вештачењето го одредува судот со свое решение коешто содржи:

- име, презиме и занимање на вештакот,
- предмет на спорот,
- предмет и обем на вештачењето, како и
- рок за доставување на наоди и мислења во писмена форма.

Решението му се доставува на вештакот заедно со повикот за рочиште за главна расправа.

Вештакот е должен да одговори на повикот, бидејќи тоа е општа граѓанска должност, без разлика на тоа што смета дека не може да биде вештак во конкретен случај, што нема потребно стручна знаење, што нема средства потребни за вршење на таа функција итн. Вештакот е должен и да го изнесе својот наод и мислење и тоа совесно и во согласност со правилата на својата струка, односно наука и вештина. Должен е да ја зборува вистината и не смее да премолчи ништо што му е познато во врска со предметот за вештачење. Вештакот својот писмен наод и мислење коишто мора да бидат образложени ги доставува на судот пред расправата, коишто судот ги доставува до странките најмалку осум дена пред рочиштето за главната расправа. Ако не достави наод и мислење во оставениот рок и ако истече рокот којшто на странките им е оставен за тоа да се изјаснат, судот ќе одреди друг вештак. Ако вештакот достави наод и мислење коишто се нејасни, непотролни или противречни сами на себе или утврдени околности судот ќе одреди да ги дополни, односно да го исправи наодот и мислењето и да одреди рок за повторно доставување на наод и мислење.

Вештакот има право на награда и надоместок на трошоците коишто му припаѓаат. Вештакот којштo е уредно повикан и прописно предупреден, може да биде парично казнет, како и кога неоправдано ќе одбие да вештачи. Решението за казни може да биде отповикано ако вештакот дополнително го оправда своето изостанување или прифати да вештачи.[7]

### 3.5. Толкувач

Толкувачот е од страната на судот овластено лице кое во постапката ги предводи исказите на сведоците, странките итн, работи за изведување на доказите, а коешто не го познава јазикот на којшто се води постапката или коешто не може нормално да се разбере со други.

[7] Марјанович, оп.цит., стр.141

Толкувачот е вид на вештак којшто му помага на судот во неговата работа. Од тие причини се предвидуваат правила на постапката дека прописите за вештачењето и вештаците исто се применуваат и на судските толкувачи. Под поимот вештак не се подразбира преведувач кога странката и другите учесници во постапката ангажираат да им помага, кога не го знаат јазикот на којшто се води постапката.

Овластениот судски толкувач постои само во судовите во коишто има таква потреба: поголеми места, места каде што има народност, национално малцинство и слично.[8]

### 3.6. Сослушување на странки

Сослушувањето на странките е предвидено само во парична постапка. Доказите за сослушување на странките за разлика од останатите доказни средства има супсидиарен карактер, се изведува кога нема други докази или кога и покрај изведените други докази судот има потреба да ги сослуша странките заради утврдување на важни факти. Судот ќе одлучи дали овој доказ да го изведе по своја иницијатива, а кога за тоа постои предлог на странките, судот цени по своја слободна оцена дали е потребно овој доказ да се изведе. Во практика, често веќе во тужбата странките предложуваат сослушување на странки. Овој предлог судот секогаш треба да го оценува со оглед на другите докази коишто се предлагаа.

Бидејќи странката се сослушува во сопствена работа, таа не може на сослушувањето да се принуди како што може сведокот. Странката при изведувањето на доказот сослушување на странката не може да изнесува невистина, бидејќи странката може да одговара кривично за лажен исказ.

Доказот- сослушување на странка, по правило се изведува со сослушување на двете странки. Ако судот се уверил дека на странката не и се

[8] Марјановиќ, оп.цит., ст.143

познати спорните факти или ако сослушувањето на тие странки е невозможно, може да донесе одлука да се сослуша друга странка. За парично неспособна странка се сослушува и нејзиниот законски застапник. Наместо и покрај законскиот застапник може да се сослуша и самата странка, ако нејзиното сослушување е возможно. За правно лице ќе се сослуша лицето кое според законот или правилата е одредено да го застапува. Ако во спор на една страна учествуваат повеќе лица како парничари, судот ќе одлучи дали сите ќе се сослушаат или само некои од нив.

Повик на рочиште на коешто ќе се изведува доказот сослушување на странки се доставува лично на странките, односно на лицето коешто за странката ќе се сослуша со особено предупредување дека на рочиштето ќе се изведува доказот сослушување на странки, како и дека странката којашто ќе дојде на рочиште може да биде сослушана во отсуство на друга странка. Овие одредби служат како процесна гаранција за правилно изведување на едно доказно средство кое може да има одлучувачко значење за разрешување на спорот на странките, бидејќи судот е овластен да оцени од какво значење е тоа што странката не дошла на сослушување или што го скратила исказот.[9]

## 4. Обезбедување на докази

Доказите се изведуваат на главна расправа. Практиката покажала дека пред парницата да биде покрената некои докази можат да бидат неизводливи, или ако парницата е во тек, дека неговото изведување во фаза на главната расправа ќе биде значително отежнато.

Според ЗПП, ако постои оправдано сомнение дека некој доказ нема да може да се изведе или дека неговото подоцнежно изведување ќе биде отежнато може во текот, како и пред отпочнувањето на парницата да се предложи овој доказ претходно да се изведе. За обезбедување на докази во

[9] Марјанович, оп.цит. стр.143

текот на парницата, надлежен е судот пред којшто парницата е покрената. Кога обезбедување се бара пред отпочнување на постапката или во итни случаи кога постапката е во тек, надлежен е понискиот суд од прв степен на чиешто подрачје се наоѓаат работите коишто треба да се разгледаат заради обезбедување, односно судот на чиешто подрачје престојува лицето коешто треба да се сослуша.

За предлогот составен во текот на постапката, одлучува судот прд којшто парницата тече. Во предлогот мора да се наведат фактите коишто треба да се докажат, доказите коишто треба да се изведат и причините заради коишто изведувањето на доказите подоцна ќе биде отежнато или доказот нема да може покасно да се изведе. Во прдлогот мора да се наведе името и презимето на противникот и неговото живеалиште, престој, освен ако од причини од коишто се бара обезбедување не произлегува дека тој не е познат.

Во судската практика обезбедувањето на докази поретко се користи. Против решението на судот со коешто се усвојува предлогот за обезбедување на докази, како и против решенијата со коешто се одлучува дека изведувањето на докази запонува пред решението да се достави на противникот не е дозволена жалба. Ако доказите се изведени пред постапката да биде покрената, записникот за изведување на докази ќе се чуваат кај судот пред којашто доказите се изведени. Ако постапката е во тек, а обезбедување на докази не ги извел парничниот суд, записникот ќе се достави на парничниот суд.[10]

[10] Марјановиќ, оп.цит., стр.155

## *ГЛАВА 2*

# ДОКАЗНИ СРЕДСТВА ВО ПАРНИЧНА ПОСТАПКА ВО ИМОТНИ ОДНОСИ

## 1.Увид како доказно средство во парнична постапка во имотни односи

Во овој дел од трудот е направен теоретски осврт на увид кое се применуваат како доказни средства во текот на една парнична постапка во имотните односи. Притоа направена е анализа кога и  зошто доаѓа до увид.

### *1.1. Поим за увид*

Увид се презема само ако на предлог на странката кога за утврдување на некој факт или за разјаснување на некоја околност е потребно непосредно забележување на судот.[11]

Увидот претставува вид на доказно средство во парнична постапка, кое се превзема во случај кога судот има потреба од непосредно набљудување на својствата и состојбата на работите и особите. Со него се утврдува некој факт или се разјаснува некоја околност. Од голема важност е да се знае дека со помош на увидот се докажуваат само фактите кои постојат во сегашноста и претставуваат сигурни методи за оценување на основаноста на фактичките наводи на странката.

Увидот е таков вид на доказно средство, со помош на кое, заедно со останатите доказни средства, судот дознава за фактите, но и тврдењата и ставовите кои се од големо значење за решавање на некој спорен однос. Под него се подразбира сетилна перцепција на судиите, односно судскиот совет на факти поврзани со решавање на конкретен спор. До ваква перцепција, судот не доаѓа само со сетилата за вид, што всушност е најчесто, туку и со помош на

[11] Член 212  Од Закон за парнична постапка

другите сетила. Така на пример, овој доказ може да  се изведе со слушање како би се утврдило дали бучавата од моторот е неподнослива за соседите.

Одредбите на новите парнични закони со кои се регулира увидот, суштински не се многу разликуваат од одредбите на старите закони. Бидејќи увидот го спроведува Судот, ова доказно средство не го вршат странките како останатите доказни средства, што претставува отстапување од основните правила.

Со самото тоа што во увидот, судијата непосредно и лично ја забележува состојбата на фактите и потоа донесува заклучок, не е дозволено да се изнесуваат докази кои ќе ги оспорат резултатите од самиот увид.

### *1.2. Кога и зошто доаѓа до увид во парнична постапка*

Со оглед на тоа дека докажувањето претставува начин на утврдување на спорните факти во една парнична постапка, а увидот е дел од доказната постапка, јасно е дека тој се презема кога е потребно да се утврди дали постои или непостои некој спорен факт. Исто така, увид се презема и заради разјаснување на некоја околност, за која без излегување на самото место, не може на пр., да се стекне јасна претстава. Така, може да се разјасни дали од едно место се гледа местото на настанот, дали може и да се слушне од таму нешто што е релевантно за одлуката, да се утврди кои се катастарските парцели што му се дадени некому, а во договорот не се означени катастарските ознаки преку кои тие парцели се идентификуваат.[12]

Одредбите не треба да се протолкуваат на тој начин дека судот врши увид само кога треба да се утврди вистинската состојба во поглед на спорните факти. Со ова средство тој се служи и во случај кога е потребно да се утврдат

[12] Чавдар, Кирил,,Коментар  на  законот за парнична постапка ( коментар, судска практика, обрасци за практична примена и предмет)  стр.460

некои неспорни факти од кои зависи некоја правна оцена за која странките не се согласуваат. Така на пр., тужениот го оспорува тужителот дека еден ѕид е влажен, па увид се врши заради утврдување на вистинската состојба во поглед на еден спорен факт. Друг случај е доколку тужениот не одрекува дека описот на станот во тужбата одговара на вистинската состојба, но сепак одрекува дека треба да одговара за станот. Исто така, по предлог на странка, судот се користи со увид заради проверување на постоење на факти што се утврдуваат со другите доказни средства, со што всушност се врши контрола на тие доказни средства, особено на исказите на сведоците.

Со увидот се набљудуваат својства и состојби на предмети и лица. Кога станува збор за предметите, во таа група спаѓаат и подвижните и неподвижните предмети. На неподвижните предмети увид им се врши на лице место, а на останатите ( доколку можат да се донесат) увид им се врши во просториите на судот. Кога станува збор за лица, увидот се врши во просториите на судот, односно таму каде што и треба, во зависност од здравствената состојба на лицето.

Увидот во парнична постапка не се разликува од увидот во кривична постапка во поглед на методите, туку најмногу во поглед на предметот на самиот увид. Така, во кривичната постапка увидот се јавува и во текот на истрагата, додека во парничната постапка тој се јавува дури на главната расправа поради отсуство на истражни принципи (освен ако е исклучително) во самата парнична постапка. Како доказно средство може да се определи по предлог на странките или по службена должност. Решението за него го донесува претседателот на советот во фазата на подготвувањето на главната расправа, или советот – во текот на главната расправа, за тоа кога претседателот на советот може да биде овластен за да го изврши увидот.

Советот ќе го овласти претседателот на советот да изврши увид ако предметот кој треба да се разгледа не може да се донесе во судот или

неговото донесување би предизвикало значителни трошоци, а советот смета дека не е нужно непосредно забележување од сите членови на советот.[13]

Откако се донесе решението за вршење на увид, во случај кога предметот не може да се донесе во судот, се пресметува износот кој ќе биде потребен за да се намират трошоците кои ќе настанат за време на вршење на увидот. Судот ја задолжува странката која го предложила изведувањето на тој доказ, износот за трошоците да го положи во судот во оној рок кој ќе биде определен.

Увидот може да се врши и со учество на вештаци кои ги обезбедува странката која го предложила увидот.[14] Без присуството на определените вештаци, увидот не може да се изврши. Во практика некогаш доаѓа до конфузија околу тоа дали станува збор за имплементација на докази со увид или со вештачење. Доколку вештакот сам ги утврдува фактите и дава наоди и мислења, станува збор за имплементација на докази со вештачење, а доколку вештакот му помага на судот давајќи му само објаснување во стручна смисла, станува збор за имплементација на докази по пат на увид, што во практика е многу редок случај.

Бидејќи судот добива сознанија со помош на сопствени забелешки, тој во случај на спроведувањето на овој доказ не го оценува неговиот резултат. Со излагање на смислата на предметот на увидот, судија во себе создава претстава на апсолутна извесност. Во ова лежи предноста што ја има ова доказно средство во однос на другите. Оваа предност на увидот не значи дека секоја можност за грешка во утврдувањето на стварноста на фактите е потполно исклучена, туку е сведена на минимум. Во другиот случај, кога судот се користи со вештаци при увидот, тогаш во констатација е потребна и оцена на резултатот од увидот.

[13] Член 213 од Закон за парнична постапка на РМ
[14] Член 212, ст.2 Закон за парнична постапка на РМ

Како што спомнавме претходно увидот, како и останатите доказни средства, може да го предложи странката. Поради ова, таа е должна да го овозможи предметот или лицето кое е потребно за успешно вршење на увидот. Доколку станува збор за предмет кој се наоѓа кај една од странките, таа е должна да го донесе тој предмет на увод во судот. Доколку одбие, судот не може да ја присили, но сепак ќе го цени таквото однесување. Кога предметот за увид се наоѓа кај трето лице, судот исто така ќе го повика тоа лице да го предаде или прикаже предметот на кој треба да се врши увидот, кога според законот е должно тоа да го направи или кога станува збор за предмет кој е заеднички за станката и тоа трето лице. Пред да биде донесена одлуката со која на третото лице му се наложува да го прикаже предметот, судот најпрво ќе го повика лицето да се изјасни во врска со тоа. Сите трошоци кои лицето ги има во врска со овој предмет ќе му бидат надоместени. Доколку тоа ја одрекува својата должност да го донесе предметот, судот понатаму одлучува дали третото лице е должно да го прикаже тој предмет. Во случај кога ова лице одрекува дека предметот се наоѓа кај него, судот, заради утврдување на овој факт, може да изведе докази. Кога предметот кој е потребен за увид се наоѓа кај државен орган или кај некоја организација на која ѝ е доверено вршење на јавно овластување, судот по службена должност ќе издејствува предметот да се предаде или покаже.

Увидот, како доказно средство во парнична постапка, се смета за еден од наједноставните и најсигурните начини на сознавање, затоа што помеѓу судиите и предметите на посматрување не постои посредник, меѓутоа неговата примена е ограничена поради тоа што со него се докажуваат само факти кои постојат во сегашноста, кои се ретко спорни меѓу парничните странки. Преку него му се дава можност на судот да ги острани сите нејаснотии кои ги има во врска со определени околности, да ја провери вистинитоста на дадени тврдења и да создаде точна претстава за тоа што се случило и да може да ги утврди со сигурност фактите од кои зависи одлуката по тужбеното барање.

## 2. Исправи како доказно средство во парнична постапка во имотни односи

Во овој дел од трудот е направен теоретски осврт на исправите кои се применуваат како доказни средства во текот на една парнична постапка во имотните односи. Притоа направена е анализа на видовите исправи кои се применуваат, како и на нивната вистинитост.

### 2.1 Видови исправи кои се користат како доказни средства во парнични постапки

Исправата во паричната постапка на имотни односи е секој предмет на која со писмени знаци е внесено некое соопштение, изјава, мисла или друг таков податок. Обично е исправа напишана на хартија, иако тоа може да се направи и на кожа, дрво, камен или друга работа, која трајно ќе го задржи писмениот запис. Не е важен ни видот на писмо, ниту јазикот на којшто се пишува (од исправа напишана на странски јазик се поднесува со заверен превод).

Докажување на исправа се изведува со читање на исправа, што е многу блиско до доказот увид. На некој вид на исправи дадена е посилна доказна сила (*јавна исправа).*

***Вид на исправа***

Најважна поделба на исправа е на:

- јавна и
- приватна (нејавна) исправа.

Јавна исправа е исправа којашто ја издал државен орган во границите на своја надлежност и во форма која за тоа е пропишана *(пресуда, решение,имотен лист и др).* Својство на јавна исправа имаат и исправи издадени од одредена заедница или организација, во рамките на врешење на нивното јавно овластување, утврдени со закон и во форма којашто е пропишана за таа исправа.

Приватна исправа се сите останати исправи независно од тоа дали се издадени од државни органи, други правни лица или поединци, со еден збор сите оние коишто не се јавни *(договор на општина и граджен претприемач за поправка на општинската зграда).*

Со посебните прописи можат да се одредат дека се приватни исправи во поглед на доказна сила, се изедначува со јавна исправа. Сепак, тоа од приватна не ја прави таа да стане јавна. Не е прифатлив став, дека со заверка на приватна исправа, таа како доказно средство се изедначува со јавна исправа.

Единствено акт за заверка пред државниот орган, е клаузула дадена на приватна исправа за точност на потписот, ракописот или преписот има својство на јавна исправа.

Интересна е и поделбата на исправите на:

- диспозитивни и
- доказни.

Диспозитивни исправи се оние со кои непосредно, изјавата дадена во писмена форма се воспоставува, менува или укинува еден правен однос (*давање на писмена понуда за некој договор, писмено заклучен договор).*

Со доказни исправи само се потврдува дека со други веќе преземени акти е предизвикан некој ефект во правото. Самата исправа не е извор. Правата цел на составување на овие исправи е да се обезбеди писмен доказ за извршени правни акти и од нив создадените дејства *(потврдата за прием на работи заради поправка, изјавата дека ќе се почитува времето одредено со отказот).*

Кога доаѓа до спорење на некое право во имотните односи, странките можат да проложат јавни или приватна исправа. Во конкретен предмет П-1 22/2014 на Основен суд- Берово како предмет на спор е правото на сопственост вредност на спорот 40 000,00 денари. Во овој предмет страните ги приложиле следниве јавни и приватни исправи:

- Договор за купување и продажба на недвижен имот зав.бр…/1996 од 05.02.1996 година.[15]
- Пл.бр.. на КО-В на име на Р.К изјава за индентификација на АКН-оделение за кататер на недвижности по пописен лист бр за КО-В[16]
- Решение О.бр…/12-Удр бр.../12 од 08.08.2012 на нотар ЈГ[17]
- Ил бр... на[18]
- Договор за дар на недвижен имот со задржување правото на доживотно живеење Оду.бр.... од 13.03.2012 година на Нотар ЈГ од Б.[19]

Еден од начите за стекување правао на сопственост е договор за купопродажба пораj овој договор е и договорот за дар. Предмет на овие договори во конкретниот случај е недвижност- нива. Кога пред на договор на дар е недвижност, договорот мора да биде заверен кај нотар и претставува јавно заверена исправа. Кој договорот за купопрдажба имам цена за купената недвижност, додека кај договаро за дар е без надоместок. Имотниот лист е поднесе со цел да се докаже дека е сопственик на одредена недвижност, бидејќи е јавна исправа со која се докажува запишано право на сопственост и др. стварни право. Поседовниот лист содржи податоци за земјиштето, односно катастерските парцели и нивните корисници и истиот не е доказ за запишување право на сопственост.

---

[15] По основа на договорот за купопродажба на недвижен имот на нива кп.бр.. м.в.. класа 5 со површина од 484 м2 и дел од кп бр.. нива мв.. класа 5 во површина од 724 м2 а во мера и гаранции од исток со кп бр..пат на РМ во должина од 4,18 м, од запад до кп бр.. на тужените во должина од 21,33 м во површина од 97м2 по ИЛ.бр... на КО е сопстевник. Договорот бил исполнет меѓу договорните срани. Договорот бил реализиран во катастерска евиденција и врз основа на истиот купувачот стапил во владение на спорната недвижност и е запишана во сопственост на КП во Пл.бр...

[16] Од поседовнито лист бр..на КО..издаден на 16.09.2005 се утврдува дека кп бр.. нива класа 5 во површина од 1.123 м2 е евидентиран во сопственост на К.Р.

[17] Од решението се утврдува дека во расправаната оставина на оставителот К.Р не влегува како осавина според недвижноста.

[18] Од имотниот лист бр.. на КО се утврдува дека спората недвижност во катастер на недвижности е запишана на тужените .

[19] Со оставинското решение се утврдува дека предметната недвижност не влегува во пописот на оставината на оставитело, кој од случувањето на договорот за купопродажба ја владее и не била оспорувана се до неговата смрт.

***Доказна сила на исправата***

- Доказната сила на јавните исправи - Судот има обврска да ја земе вистинитоста дека постои она што со јавната исправа е одредено или потврдено. Претпоставката за тоа е дека исправата има својства и квалитети, коишто се бараат за важност и употребливост на секоја исправа и посебно за оние пропишаните за јавна исправа.

Уредено заверена странска јавна исправа има иста доказна сила, како и домашна јавна исправа со уважување на правила за взаемност.

Пред се, *исправата треба да биде уредна, да не оштетена,* особено на места каде што е запишан текст; дека во неа *не е нешто бришено, преправано* или *дополнувано;* дека *не постојат* некои други *такви недостатоци или знаци*, кои упатуваат на *фалсификат на исправата.*

***Доказната сила на приватните исправа***

Со прописите на паричната постапка не е уредено прашањето на докази за приватна исправа. Извесно е дека треба да се појде од тоа, дека она што во исправата е запишано над потписот, потекнува од издавачот на исправата. Сосема е друго прашањето дали содржината е вистинита, што е обично и предмет на докажување. Затоа, дури ако на исправата се повикува странката, којашто не е издавач на исправата, приватната исправа може да има важност во докажувањето.

По повод докажување на приватна исправа може да се оспори автентичноста на потписот на издавачот. Може да се тврди дека издавачот не го испишал текстот во содржината, којашто е над потписот. Секако, најчесто се доведува во прашање вистинитоста на содржината на тој текст, иако се прифаќа како текст на потпишувачот.

Приватната исправа на којашто е заверен потписот на издавачот оквалификувана е во тоа: дека е од надлежен орган потврдено дека исправата

ја издало (потпишало) лице, коешто на исправата во тоа својство е означено. *Ниту тука на странките не им е ускратено да ја оспорат автентичноста на потписот.* Со приватната исправа може да се докажуваат одлучни и индицијални факти (некогаш и самото постоење на исправата е индицијален факт).

***Поднесување на исправа***

- Исправата е кај странката којашто на неа се повикува - Странката, којашто на исправата се повикува и којашто се наоѓа кај неа е должна да ја предаде на судот. Скратувањето на поднесување, дозволува заклучок дека неточното тврдење дека исправата постои или дека исправата има друга содржина од онаа којашто ја соопштува таа странка.
- Исправата е кај спротивната странка - Кога една странка се повикува на исправа и тврди дека исправата се наоѓа кај спротивната, судот таа странка со решение ќе ја повика во одреден рок да ја поднесе исправата. *Посебна жалба на ова решение не е дозволена.* Странката може да одрекува дека кај неа се наоѓа бараната исправа или да не ја предаде.

Ако странката одрекува дека ја има исправата, судот пред донесување на решението тоа ќе го испита и по потреба ќе ги спроведе доказите.

*Странката е овластена да го одбие предавањето на исправата од прични заради кои сведокот има право да го одбие сведочењето или одговорот на одделни прашања.* Сепак, и кога овие причини постојат во одредени случаи, странката не е овластена да го одбие предавањето на исправата.

Причини за одбивање за предавање на исправа:

- Доколку самата странка во спорот се повикала на таа исправа заради докажување на свое тврдење;

- Ако е во прашање исправа која според закон е должна да ја предаде или покаже;
- Ако исправата според својата содржина може да се смета за заедничка за двете странки (тестамент, договор).

Решение со кое странката се обврзува да ја предаде или покаже исправата, не може принудно да се оствари. Пропишано е дека судот по свое уверување ќе ја цени постапката на странката којашто одбива предавање на исправата или оспорува дека исправата се наоѓа кај неа.

**Исправата е кај трето лице**

Во парична постапка, постои должност на трето лице да покаже или да предаде исправа којашто се наоѓа кај неа, но само тогаш ако според законот е должна да ја поднесе или ако е во прашање исправа која според содржината е заедничка за тоа лице и странка којашто на исправата се повикува.

Предлогот[20] редовно го изјавува една од странките. На неа ќе биде должноста да положи покритие бидејќи третото лице има право на надоместок на трошоци. Пред да му се наложи на третото лице да поднесе исправа, судот тоа лице ќе го повика да се изјасни, дали кај него се наоѓа исправата и дали е подготвено да ја поднесе. Ако третото лице одрекува дека исправата се наоѓа кај него, судот тоа ќе го испита.

***Против решението на судот дозволена е посебна жалба.***

Решението може да се изврши по принуден пат. - Исправата се наоѓа кај државниот орган или правното лице, на коешто му е доверено вршењето на јавни овластувања.

[20] Предлог од едната странка судот да ја повика спротивната странка(или трето лице )да поднесе исправа кој служи како доказ-чл218,219(Се повикува тужениот во рок од 15 дена од приемот на оваа решение да му поднесе на судот „Договор за заем“ од ...годината потпишан од тужитеот и тужениот.

И кога исправата се наоѓа кај државниот орган или правно лице, на коешто му е доверено вршењето на јавни овластувања, странката треба таа исправа да ја прибави и да ја поднесе на судот или судот ќе ја прибави по службена должност.[21]

## 2.2 Вистинитост на исправите кои се користат како доказни средства во парнични постапки

Исто така битно е да се истакне дека судот треба да ја испита формалната страна на исправата:

- дали издавачот на исправата воопшто е лице овластено да ја издаде јавната исправа и дали токму тоа ја издало таа исправа (нејзина автентичност);
- дали исправата е издадена во границите на надлежност на издавачот; дали е составена во пропишаната форма и содржи печат и потпис на издавачот.

Според сознанијата коишто се постигнуваат со непосреден преглед на исправата, судот може да се повика на исправата на означен издавач, да се изјасни дали исправата е автентична. И по потреба, должен е на судот да му достави уреден препис на исправата и да соопшти други важни податоци.

Доколку судот прифати исправност и важност на исправата, тогаш има обврска да го земе за вистинито она што во таа исправа се одредува или потврдува (на пример, правила за законска оценка на докази). Тоа меѓутоа не се однесува на странките. На странките им е дозволено да докажуваат дека во јавната исправа има невистински утврдени факти или дека исправата е неправилно составена и дека со успешно докажување се рушат

[21] Радованов, оп.цит., стр.155-157

претпоставките за вистинитоста на она што во исправата се одредува или потврдува. Поконкретно:

- *на доставницата невистинито е означен денот на предавање на писмото;*
- *извод од судски записник за содржината на порамнувањето не е точен;*

Странките можат да докажуваат дека исправата неправилно е составена и дека не може да се употреби како доказно средство, поконкретно:

- *исправата не ја составило лице коешто е означено како издавач;*
- *исправата не е составена во пропишана форма;*
- *приложениот препис на исправата не одговара на оригиниалот.*

Постојат поединечни правни акти на државните и другите органи, овластени за издавање на јавна исправа во кои диспозицијата и израз на одлуката во одредени правни работи (*пресуда, решение).* Не смее да се дозволи пред парничниот суд да се испитува вистинитоста на диспозицијата содржана во овие акти.[22]

## 2.3 Регулирање на исправата како доказно средство во Законот за парнична постапка во Република Македонија

Во македонското законодавство, пококретно во Законот за парнична постапка на Република Македонија, исправите како доказно средство се опфатени од член 215 до член 219.

Во член 215, став 1, се истакнува дека исправата којашто е издадена од страна на државен орган или орган на државната управа во пропишана форма, како и исправата која во таков вид на форма е издадена од страна на организација или друга инстутуција при извршување на јавно овластување кое

[22] Радованов, оп.цит., стр.155

со закон или одлука или со одлука на орган на општината се заснова на закон (јавна исправа) ја докажува вистинитоста на она што се потврдува и определува со неа. Иста доказна сила имаат и други исправи кои со посебни прописи во поглед на доказната сила се наоѓаат на исто ниво со јавните исправи (став 2). Во став 3 се истакнува дека е дозволено да се докажува дека во јавната исправа невистинито се утврдени фактите или дека во исправата постојат нерегуларности, односно е неправилно составена. Доколку од страна на судот постои сомнеж за автентичноста на исправата постои можност да биде побарано за тоа да се изјасни органот, поточно институцијата од која би требало да потекнува таа.

Странката (сведокот) треба сам да поднесе исправа на која се повикува за доказ на своите наводи. Во случај исправата да е на странски јазик потребно е да се приложи и соодветен превод, заверен на нотар. Доколку пак, исправата се наоѓа кај државен орган или орган на државна управа или кај правно или физичко лице кое извршува јавни овластувања, а самата странка не може да ја издејствува исправата да се предаде или покаже, судот по предлог на странката ќе ја прибави исправата.[23]

Членот 218 истакнува дека кога една странка се повикува на одредена исправа и тврди дека истата се наоѓа кај друго лице, судот ќе побара од тоа лице да ја достави исправата во определен временски рок. Странката од која е побарана достава на исправа не смее да го одбие поднесувањето на исправата, но доколку тоа се случи ќе бидат применети членовите 222[24] и 223[25] од Законот.

---

[23] Член 217, Закон за парнична постапка, Службен весник на РМ, бр. 7 од 20.01.2011

[24] (1) Сведокот може да одбие да сведочи: 1) за она што странката како на свој полномошник му го доверила; 2) за она за кое странката или друго лице на сведокот како на верски исповедник му се исповедало и 3) за факти кои сведокот ги дознал како адвокат, лекар или во вршење на некоја друга професија или некоја друга дејност, ако постои обврска како тајна да се чува она што се дознало во вршењето на таа професија или дејност. (2) Претседателот на советот ќе ги предупреди овие лица дека можат да одбијат да дадат исказ.

[25] (1) Сведокот може да не даде одговор на одделни прашања ако за тоа постојат важни причини, а особено ако со својот одговор на тие прашања би се изложил на тежок срам, на

## 3. Сведоци како доказно средство во парнична постапка во имотни односи

Во доменот на сведоците како доказно средство во текот на една парнична постапка во имотните односи опфатена е анализа на должностите на сведоците, нивната способност за сведочење, предностите и недостатоците при докажувањето преку сведочењето и сослушувањето на сведокот.

### 3.1 Должности на сведокот

Во граѓанското процесно право постои општа должност сведочење - секое лице коешто се повикува како сведок е должно да одговори на повикот и по правио да сведочи.

Должноста сведочење е јавно-правна граѓанска должност којашто сведокот е должен да ја исполни учествувајќи во постапка пред судот врз основа на налог на судот. Санкциите заради повреда на таа должност се јавно-правни. Со исполнување на таа должност, сведокот не исполнува некоја своја обврска кон странките, ниту тие се овластени присилно да ја остваруваат.

Сепак, сведокот може имотно-правно да одговара на странките за повреда на таа должност - да им ги надомести трошоците или евентуално да им ја надомести и штетата. Постоењето на должноста сведочење е нужна претпоставка за ефикасно и успешно давање на правна заштита во постапка пред судот; таа е израз на одговорност и солидарност на сите члнови на друштвото за реализација на правниот поредок *in concreto.*

Должноста сведочење териоријално е одредена во смисла дека постои за сите лица на подрачјето на државата коишто се подлегнати на јурисдикција на нејзините судови. Тоа во прв ред ќе бидат нејзините граѓани, но и други

---

значителна имотна штета или на кривично гонење себеси или своите роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија заклучно до третиот степен, својот брачен другар или роднините по сватовство заклучно до вториот степен и тогаш кога бракот престанал, својот вонбрачен другар, како и својот старател или лицето под старателство, посвоителот или посвоеникот. (2) Претседателот на советот ќе го предупреди сведокот дека може да не даде одговор на поставеното прашање.

лица коишто ќе се најдат на тоа подрачје. Од должноста сведочење изземени се лица кои што уживаат имунитет според правилата на меѓународното право.

Лицата коишто уживаат имунитет, по правила на интерно право врз основа на одредени свои функции (претседател на Република, претставници во Совет, членови на Влада, судии на Уставен суд и државни судови) во недостаток на посебен пропис за тоа не се изземени од должноста сведочење. Тие единствено не би можеле да бидат изложени на казнени санкции заради повреда на таа должност, ниту присилно приведени. Лицата коишто уживаат екстериторијален имунитет можат да сведочат ако се согласат на тоа, а можат да бидат сослушани во својот стан по можност во време кое сами ќе го одредат. Тие можат да дадат свој исказ и во пишана форма. Странките можат да присуствуваа на нивни сослушувања во нивниот дом само со согласност на тие лица.

Должноста сведочење опфаќа:

- должност одговор на повик на судот (должност појавување, доаѓање пред суд),
- должност давање (усмен, вистински и потполн) исказ, всушност давање известување за своето знаење за фактите кои што се докажуваат и
- (евентуално) должност за давање на заклетва.

Додека должноста одговор на повик на суд (по правило) е неостранлива, должноста давање исказ во некои случаи (релативно) е исклучена, а во некои условена. Заради повреда надолжносла одговор на повик на суд и искажувања против сведок можат да се применат мерки на присила, па и да се изрече казна. Заради давање на лажен исказ, значи заради свесно давање на невистински, вклучително и непотполн исказ, сведокот може казнено да одговара. Заради повреда на должност да поднесе заклетва сведокот не може да се казни.

Должноста- одговор на повик на суд, имплицира должност сведокот одреден ден во одредено време да дојде на местото на коешто треба да биде сослушан и таму да биде се додека судот не му дозволи да се оддалечи.

Доколку сведокот поради оправдани причини не може да се појави, мора да го оправда својот изостанок[26].

Заради исполнување на должноста сведочење, сведокот може да има трошоци и други материјални загуби. Токму заради тоа, тој има право да бара надоместок на трошоците и други материјални загуби во врска со сведочењето. Треба да се земе решение според кое сведокот за надоместок на трошоците и други издатоци во крајна линија одговараат на странката во спротивност со јавно-правниот карактер на должноста сведочење.

Должноста сведочење не постои во случај на неспособност на сведокот за сведочење, како и во случаи во коишто тоа е забрането или на сведокот му е призната привилегија да му се скрати давањето на свој исказ или одговор на одделно прашање. Сепак, сведокот е должен да одговори на повикот на судот ако е во можност тоа да го направи.[27]

По конкретниот предмет П-1 22/2014 од страна на тужителот, се предложени двајца сведоци. Сведоците се повикани со доставница на која е означено во кое својство се повикани, односно во конкретниот случај во својство на сведоци. Уредно се јавиле на поканата и дале свои исказ за сѐ она што виделе.[28]

## 3.2 Способност за сведочење

Како сведоци можат да се сослушаат лица коишто се способни да даваат известување за фактите коишто се докажуваат. Изразот способност во овој контекст би се однесувал најнапред на лица коишто биле способно да го

[26] Поднесок од сведокот за оправданост на изостанокот(чл.233 од ЗПП)-пр: со овој поднесок го известувам судот дека не бив во можност да се јавам на рочиштето на...година, бидејќи истиот ден, сабајлето бев повреден во собракајна незгода , однесен во болница, така што бев не подвижен истиот ден.

[27] Дика,М, Докажување со сослушување на сведок во парничнаата постапка во Хрвтска, Зборник РФЗ, 56( 2-3), Загреб, 2006, стр.508

[28] Од распрашаните свидетели Г:Р И А:К се утврдува дека спорната недвижност била сопственост на таткото на тужителот кој ја купил од продавачот П.П и дека досега е во непречено владение на правниот предходник до неговата смрт и сега на тужителот.

забележат она што е забележано во време кога е забележано (способност перцепирање), да го запомни она што го запазиле во време кога го запазиле и подоцна (способност меморирање) и да го искаже она што го запазила и запаметила (способност репродуцирање).

Лицето коешто кумулативно не би ги имало сите три способности не би била кадарна да даде известување на фактите коишто се докажуваат и не би била способна да сведочи (неспособен сведок). Таквиот вид на неспособност треба да се разликува од ситуација во којашто се наоѓа лицето коешто инаку имало способност на перцепирање во време кога запазувањето требало да се изврши, која ја имала тогаш и која ја сочувала до времето на сослушување способноста за меморирање и која во времето на сослушување има способност за искажување, но којашто ништо не знае за фактите коишто треба да се утврдат (ирелевантен сведок), која значи заради свое незнаење не е во состојба да даде известување за фактите коишто се докажуваат.

Фактички се неспособни да сведочат најпрво лицата кои заради својата психичка (на пример душевна болест, сенилност, деконцентрација итн) или физичка состојба (оштетени или ослабени сетила инт) не биле способни да ги забележат фактите за коишто треба да дадат извештај, независно од тоа што таа способност им се вратила.

Фактички се неспособни и лица кои што не биле во состојба да го запомнат она што го забележале независно од тоа дали можеле да го забележат она што го забележале (на пример заради изминување на време, надомест за болест, психичка или физичка инсуфициенција) и независно од тоа дали во времето на искажување биле способни да паметат. Конечно, фактички се неспособни да сведочат и лица коишто не се способни да го искажат запомнат, независно од тоа дали биле кадарни да го забележат она што го забележале и да го запаметиле забележаното (на пример заради својата физичка или психичка инсуфициенција; меѓу тие лица би спаднале и лицата кои што се при свест, кои што се сеќаваат на она што го забележале, но кои што не можат да комуницираат со други, на пример заради загуба на способноста да говорат, зборуваат и/или слушаат). Сите тие лица не се

објективно, значи независно од нивна волја, кадарни да дадат известување за фактите коишто се докажуваат, иако лицата со стандардни способности на нивно место би можеле да ги забележат и запаметат тие факти и за нив да искажуваат.

Бидејќи степенот на способност односно неспособност за забележување, меморирање и репродуцирање може да варира, треба да се земе во предвид дека на судот му е препуштето од случај до случај да оценува каква би била пооделно од тие способноста на сведокот и како со неа е условена докажаната вредност на неговиот исказ. Како сведок би била во целост дисквалификувана само таа особа којашто воопшто не би располагала барем со една од наведените способности.

Околноста дека некој е лишен од деловната способност сама по себе не го прави неспособен да биде сведок. За околностите на одделен случај зависи дали таквите лица *in concreto* биле во состојба да го забележат запазеното, да го запаметат запазеното и да се искажат за запазеното. Слично вреди и за малолетниците. Тоа значи дека судот, евентуално од учеството на вештаците, а кога се во прашање малолетници и родителите, старателите и/или службени лица од центарот за социјална заштита, од случај до случај препишува дали станува збор за лица коишто се способни да сведочат. Не е пропишана животната старост под која некој не смее да се сослуша како сведок (законски пресумираната неспособност на сведочење заради возраст).

Деловната способност, значи не е претпоставка за способноста да се биде сведок. Судот треба да се увери дека тоа лице коешто треба да се сослуша како сведок не е способно да сведочи, а кога станува збор за ирелевантен сведок, дека лицето коешто треба да се сослуша иако е (општо земено) било и е способно да сведочи, нема знаење за тоа за што треба да сведочи. Свој став за неспособноста на некои лица да сведочат судот може да ги формира и без контакт со нив, на пример врз основа на информации коишто ги добива од соодветни установи (на пример психијатри) или лица (доктори). Судот ќе може и со оглед на возраста на лицето кое што е предложено како сведок, поаѓајќи од општите правила за искуство, да оцени дали е способен да

биде сведок. Така по правило ќе го одбие предлогот како сведок да сослуша сосема мало дете за фактите кои запазувањето претпоставува одредена интелектуална, сетилна или емотивна зрелост.

Својот став за ирелевантност на некој сведок судот ќе може да го формира дури врз основа на контактот со неа, врз основа на неговиот исказ дека за темата *probandi* нема никакво знаење и заради тоа не може да даде никаква информација за фактите кои што се утврдуваат кои што сами по себе можат да бидат фактички супстанциран, на пример изнесување на тврдење дека не бил присутен на случувањето за кое што треба да сведочи и поткрепено со докази, на пример приложување на докази за тоа дека во критичното време бил на друго место.

Одредбата дека како сведоци можат да се сослушаат само лица коишто се способни да дадат известување за фактите кои што се докажуваат не ја исклучува должноста за одговор на повик. Таа за тоа не се изјаснува. Судот имено по природа на стварите мора најпрво да утврди дали некое лице е способно да даде известување за одредени факти, па дури тогаш одлучува дали ќе ја сослуша како сведок.[29]

### 3.3 Предности и недостатоци при докажување преку сведочење

Сведоците се важно доказно средство. Тие најчесто се единствени и најдоверлив извор на информации за важни факти. Тие му овозможуваат на судот во непосреден разговор со нив, со поставување на прашања, соочување, испрашување, да се стекне слика за тоа што тие забележале, да добијат општ и конкретен увид во случувањето, во однесувањето, изгледот, расположението, емоциите, изјавата на одделни учесници, итн.[30]

Меѓутоа, изведувањето на тој личен доказ треба да се пристапи внимателно и добиените искази да се вреднуваат со посебно внимание бидејќи

[29] Дика, оп.цит., стр..510

[30] Галија, Слободна оцена на изјавите на сведоците како доказно средство во парнична постапка, Годишник прафен факултет во Сараево,XII, 1965, стр.125

утврдувањето на фактите по пат на сведок можат да бидат оптоварени со разни објективни и субјективни недостатоци и грешки коишто можат сериозно да го доведат во прашање квалитетот на собраните информации.

Во таа смисла при изведувањето на тој доказ особено ќе биде потребно да се води сметка за тоа:

- дали сведокот објективно бил способен да го забележи она за што сведочи, на пример со оглед на состојбата на своите сетилни органи, како и просторни и други услови во коишто се одвивало забележување, тука во предвид се земаат следните фактори:
    - оддалеченост на објектот за забележување,
    - видливоста,
    - буката, итн.

Односно дали субјективно бил способен за тоа, на пример заради умор, страв, пијанство, деконцентрираност итн. (способност на забележување);

- дали објективно и субјективно бил способен доверливо и потполно да го запамети она што го забележал земајќи ги во обѕир изминувањето на:
    - времето,
    - сенилноста,
    - болест,
    - повреда,
    - делување на впечатоци од претходни или подоцнежни слични случувања,
    - свесни и подсвесни оптеретувања за сеќавање на нив,
    - влијание на животното опкружување,
    - способност за паметење, и др.
- дали и како во состојба разбирливо, јасно и потполно да се изнесе содржината на својата одредба, што секако, од една страна, ќе зависи за неговите општи својства:
    - интелегенција,
    - образование,
    - темперамент,

- сила на личноста,
- одгледувањето,
- начинот на однесување,
- вокабуларот,
- стилот и вештината на говорот, и др.

Додека, од друга страна, за психичката состојба во конкретен случај (трема, несигурност, збунетост, засраменост, деконценрација, итн) (способност за изнесување);

- каков е неговиот однос кон она што го искажува, дали е вистинито и потполно сведочењето (субјективна вистиност и потполност на исказот). На тоа дали сведокот субјективно невистинито искажува можат да влијаат различни фактори, на пример:
  - односот со некоја од страните, како на пример:
    - сродство,
    - пријателство,
    - непријателство,
    - нејзин притисок.
  - очекувања на средината во која живее и работи,
  - личната заинтересираност за исходот на спорот,
  - припадност на иста национална група, верска и територијална заедница,
  - генерација,
  - социјална група,
  - политичка партија,
  - други причини за пристрасност итн.[31]

Сослушувањето на сведокот често ќе бара од судијата да располага со потребно искуство, да биде добар психолог, да го разбира менталитетот, критериумите за вредност на одредени средини, да знае да испрашува, да биде неуморен, совесен, па и храбар во некои политички и социјално осетливи

[31] Граѓанска судска постапка, 1990, стр. .504-505

ситуации, да ги држи работите под контрола, итн. Судијата особено внимание ќе мора да посвети и што по потполно и дословно внесување во записникот искази од сведоците да не се изгуби неговата основна содржина, начинот на којшто бил презентиран и пропратниот впечаток којшто го предизвикал, значи сѐ она што ќе биде важно за негово оценување.[32]

### 3.4 Сослушување на сведокот

Сведоците се сослушуваат поединечно и без присутност на сведоците коишто подоцна ќе се сослушуваат. Сослушаните сведоци остануваат во судница ако судот поединец, односно претстедателот на советот по изјаснувањето на странките сосема не ги ослободи или не одреди привремено да се оддалечат од судницата. Задржувањето на сослушаните сведоци во судницата треба да ги спречи да им кажат на сведоците вон судницата за што се испрашувани, какви прашања им се поставувани и како на нив одговориле. Судијата поединец, односно претседателот на советот може со решение да одреди дека сослушаните сведоци потоа повторно да се повикаат и уште еднаш да се сослушаат во присутност или отсатност на други сведоци и вештаци.

Сведоците, во начело, усмено се сослушуваат - тие своите одговори се должни да ги даваат (по правило) усмено, независно од тоа дали се сослушуваат пред расправен суд или пред одреден или замолен судија. Не е допуштено да се прати писмен исказ или да се чита напишаното.

Сведоците можат да користат белешки или пишани текстови како потсетник, на пример роковник, книга за нарачки, одредени листи, скици и слично; тоа во некои случаи би било дури и допуштено. Сведокот според содржината на повикот треба да се подготвни за да може вистинито и потполно да сведочи. Тој, меѓутоа треба да го каже само она што го знае за предметот на искажување. Не е должен сам да собира информации за фактите коишто не

[32] Дика, оп.цит., стр..514

му се познати, значи сам дополнително да истражува за фактичката состојба. Меѓутоа, ако тоа го направи ќе мора да сведочи и за тоа како дознал за така собраните информации.

Сепак, сведокот може и различно да се сослуша. Евентуално писмо на сведокот коешто содржи некоја негова изјава за фактите (исказ) би можело во постапката да се користи како исправа. Конечно и исказ на сведокот пред замолениот судија во постапката пред судот којшто одлучува за спорот фактички се користи како исправа, иако правно се третира како сведокот да бил усмено сослушан пред судот. Со општата релативизација на непосредност при изведувањето на докажување, односно со делумно откажување од тоа начело од Новела 2003, инсистирањето на усменост при сослушување на сведокот ја изгубило својата изворна смисла - да се осигура непосреден контакт помеѓу судијата којшто ќе ја донесе одлуката и самиот сведок заради што поправилно оценување на неговиот исказ.

Пред започнувањето со сослушувањето судот треба сведокот најпрво да го опомене дека е должен да ја зборува вистината и дека не смее ништо да премолчи, значи да го предупреди дека има должност да даде вистински и потполн исказ. Притоа, треба да нагласи дека исказот за да биде вистинит, треба да биде потполн. Со вистинито изнесување на некои елементи за она за што се сведочи, а свесно премолчување на други, се дава лажен исказ.

По предупредувањето за должноста за давање на вистински и потполн исказ, сведокот треба да предупреди и на последиците од давање на лажен исказ. Сведокот евентуално може притоа да се предупреди и на имотно-правните последици од давање на лажен исказ, на пример должноста за плаќање на трошоците на постапката во случај на потреба на повторување на некоја работа, односно на можноста од надоместок на штета предизвикана со таков исказ.

По општо предупредување од сведоците се собираат таканаречени општи податоци (генералии); име и презиме, име на таткото, занимање, престој, место на раѓање, години на живот и негов однос со странките. Утврдувањето на односот на сведокот со странките би требало да послужи за

оценување на веродостојноста (објективност) на неговиот исказ. Тој однос може да истакнува сродство, деловна поврзаност или зависност, живот во потесна или поширока територијална заедница, припадност на иста верска заедница, задруга, политичка странка итн. Должноста на сведокот вистинито и потполно да искажува се однесува и на генералиите.

По општите прашања сведокот се повикува да го изнесе сето она што му е познато за фактите за кои што треба да сведочи. Од него се очекува својот исказ поврзано, во блок, целосно за да се добие увид во неговото знаење за она за што ќе сведочи како и за неговиот однос кон она што го искажува. Потоа може да му се поставуваат прашања заради проверка, дополнување или разјаснување. Сведокот нема право да бара како да се испрашува - за начинот на испрашување на сведокот одлучува судот со решение против кое жалба не е дозволена.

Не е дозволено на сведокот да му се поставуваат прашања за коишто веќе е содржано како би требало да одговори (сугестивни прашања). Меѓу тие прашања особено не се дозволени таканаречени каприциозни прашања - прашања кај кои се тргнува од тоа дека сведокот веќе се изјаснил во одредени околности, односно како тие сами по себе да се подразбираат, прашања кои што сведокот би требало да го фатат во „лага“, да го наведат на контраиндикација.

Сведокот секогаш ќе се прашува од каде му е тоа познато за што сведочи (*causa scientiae*). Со тоа треба да се разјасни начинот на којшто дошол до известувањето коешто го изнесува (посредно, непосредно, со сопствен надоместок на конструирањето или само „доградување“ на случувањата), да му се овозможи контрола на неговиот однос кон она што го забележал, ќе се доведе во врска со денот на известување со други собрани информации итн.

Сведоците можат да се соочат ако нивните искази не се сложуваат со важните факти. Соочени се со секоја околност за којашто не се сложуваат поединечно сослушани и нивниот одговор ќе се внесе во записник. Само соочувањето би требало, на што, всушност, упатува и самиот збор со којшто се означува таа работа, да се изврши на начин за да максимално се обезбеди

личното конфронтирање на сведоците при искажувањето. Должноста соочување би била составен дел на должноста давање исказ и како таква би можела да биде санкционирана.

Странката и нејзиниот законски застапник или полномошник можат по одобрување на судот непосредно да поставуваат прашања на сведокот. Судот на странката ќе и забрани поставување на одредени прашања или ќе забрани одговор на поставено прашање ако веќе во прашањето е содржано како треба да одговори на истото (сугестивно прашање) или ако прашањето не се однесува на предмет (ирелевантно прашање). На барање на странката во записник ќе се внесе прашањето коешто судот го одбило, а и прашањето на коешто е забранет одговорот. Сослушаните сведоци можат повторно да се повикаат и уште еднаш да се сослушаат во присутност или отсутност на други сведоци и вештаци.

Исклучок од правилото сведоците усмено да се сослушуваат е на глувиот сведок прашањата да му се поставуваат писмено. Во тој случај тој би требал усмено да одговара. Ако сведокот меѓутоа е нем, ќе се повика (усмено) да одговара писмено. Ако сведокот е нем и глув, писмено ќе го повикаат да одговара во пишана форма. Ако сослушувањето не може да се изврши на ниту еден од наведените начини, на пример затоа што сведокот е нем и/или глув неписмен или што е (и) слеп, треба да се повика како толкувач лице коешто со него може да се разбере, ако тоа е и возможно.

Судот е должен толкувачот да го предупреди дека е должен верно да ги пренесува прашањата коишто му се поставуваат на сведокот и изјавите кои што сведокот ќе ги дава. Толкувачот е должен да потпише записник за сослушување на сведокот од неговото учество.[33]

[33] Дика, оп.цит., стр..533-536

### 3.5 Законска регулатива на сведоците во Законот за парнична постапка на Република Македонија

Сведоците како доказно средство во Законот за парнична постапка се регулирани со членовите од 220 до член 234.

Во членот 220, став 2, се истакнува дека како сведоци може да се сослушаат исклучиво лица кои се способни да изведуваат за фактите кои се докажуваат на парничната постапка. Додека, пак, во членот 221 се истакнува дека како сведок не може да биде ислушан доколку ја повредил должноста за чување на службена или воена тајна, додека пак надлежниот орган не го ослободи од таа должност.

Постои можност одредено лице да не биде прифатено да сведочи во случај кога:

- За она што странката како свој полномошник му го доверила (член 222, став 1)
- За она за кое странката или некое друго лице на сведокот како верски исповедник му се исповедало (член 222, став 2)
- За факти кои сведокот ги дознал како адвокат, лекар или за време на извршување на друга должност, доколку постои обврска да се чува како тајна она што се дознало во извршувањето на таа професија или дејност (член 222, став 3).

Сведокот има право да не одговори на одредени прашања доколку за нив постојат битни причини, а особено доколку со својот одговор на тие прашања би се изложил на тежок срам, на значителна имотна штета или на кривично гонење себеси или свои крвни роднини од прво сродство, а во страничната линија заклучно со третиот степен, својот брачен другар или роднините по сватовство заклучно до втор степен и тогаш кога бракот престанал, својот вонбрачен другар, како и својот старател или лицето под старателство, посвоителот или посвоеникот (член 223).

Кога сведокот е повикан да сведочи, тој нема право поради опасност од имотна штета да одбие да сведочи за правни работи при кои бил присутен како повикан сведок (член 224).

Во случај кога се бара засебно сведочење на странката како сведок потребно е претходно да се назначи за што конкретно треба да сведочи и да наведе име, презиме, занимање и адреса на престој (член 226). Во членот 229 се истакнува дека сведок се повикува со цел да го изнесе се она што му е познато за фактите за кои треба да сведочи, но и за да му бидат поставени прашања во врска со случајот.[34]

## 4. Вештаци како доказно средство во парнична постапка во имотни односи

Во овој дел од трудот, со цел на анализа на вештаците како доказно средство во парничната постапка во имотните односи, анализирани се субјектите на вештачење и нивната улога, како и аспектите на должностите и правата на вештаците.

Судот ќе изведе доказ за вештачење кога се работи за утврдување или разјаснување на какви било факти потребни за стручно знаење со коишто судот не располага.

Од наведените одредби произлегува дека:

- вештачењето е парнична работа,
- вештачењето е едно од доказните средства во парничната постапка,
- вештачењето се спроведува само кога е потребно одредено стручно знаење со коешто судот не располага,
- вештачењето се спроведува заради утврдување на какви било факти,
- вештачењето се спроведува заради разјаснување на какви било факти.

[34] Адаптирано според Закон за парнична постапка

Изведувањето на докази (вештачење) му одредува на советот решение во кое ќе се назначи спорниот факт за којшто треба да се изведе доказот и доказното средство.

Околноста дека второстепениот суд најпрво во своето укинувачко решение му наложил на првостепениот суд изведување на одреден доказ, а дека решавајќи за жалбата против пресудата, која што дополнително ја донел првостепениот суд, оценил дека изведувањето на тој доказ не бил потребен, ниту е битна повредата на одредбите на паричната постапка бидејќи во понатамопниот тек на парницата судот не е врзан за свое решение за изведување на доказот.

Вештачење, вршат вештаци коишто ги одредува парничниот суд, но пред да одреди кое лице ќе го земе за вештак судот за тоа ќе ги сослуша странките (освен во итни случаи кога судот може да одреди вештак иако пред тоа не ги сослушал странките), и наместо одреден вештак, судот секогаш ќе може да одреди и друг вештак.

- Кога вештачењето се доверува на стручна установа, таа одредува едно или повеќе лица кои во нејзино име ќе го вршат вештачењето.
- Околноста дека вештачењето не го извршил вештак којшто го одредило расправачкиот совет, туку друг вештак којшто таа задача му ја доверил претседателот на советот, може да биде релативно битна повреда на одредбите на парничната постапка.
- Значењето на наодот и мислењето на вештакот во парницата има само наодот и мислењето на вештакот којшто во тоа својство го одредил судот во конкретна парница, без разлика што се работи за постојан судски вештак.

Во конкретниот предмет П-1 22/2014 е извршено вештачење тужителот го предложил доказот вештачене  заедно со тужбата:

- Геоетски елаборат за геодетски работи за посебни намени под дел бр... од 14.05.2014 од  ДГРУ-ДООЕЛ[35].

[35] По извршената индетификација со теренско мерење на постојата состојба и сотавента скица на премерување на вештото лице  на лице место е констатирано дека оваа парцела по

За геодетски работи за посебни намени кои се од влијание за одржување на катастер на недвижности, а кои се сврзани за изготвување на нумерички податоци за недвижностите и служат за решавање на имотно правни односи на недвижнота, се изготвуваат геодетски елаборати за:

- реализација на урбанистички план;
- експропријација;
- приватизација на градежно земјиште;
- физичка делба;
- бесправно изградени објекти и делови од објекти; и други намени[36]

Со погоре наведниот геодетски елаборат за посебни намени е искажана формата положбата и големината на недвижноста што е предмет на спор. Овој геодетски елаборат се изготвен со спроведување на теренско мерење и канцелариска обработка на податоци. Со извршеното теренско мерење, е извршена следнава работа: скица на премерување на катастерска парцела.

При одлучувањето кои докази ќе се изведуваат со вештачењето судот мора да се раководи од начелото економичност, па со вештачењето се изведуваат само оние докази за коишто има изглед дека по својата содржина би можеле да бидат одлучни за формирање на уверение за важни факти коишто треба да се утврдат или разјаснат, а за чиешто утврдување или разјаснување не располага со стручно знаење.[37]

## 4.1 Субјекти на вештачење и улоги

Во парничната постапка како субјекти се појавуваат во прв ред странките (тужителот, туженикот, евентуално интервентори од страна на странките),

---

пописнит катастер се индефикува во блок 13 се работи за парцела под бр 19 која е омеѓена со белеги по границата со патот ила петонско цокле, од западна страна поставено потпорен зид, од северна страна е оградена со жичена ограда поставена на дрвени колци и на истат соспсственикот имал иградено објект-гаражи со афтомеханицка работилница која на источна страна може да се користи и за живеење.

[36] Правилник за геодетски работи за посебни намени Сл. Весник на РМ бр .28 од 04.03.2011

[37] Матиевиќ, Вештаци, Риека, 2010, стр.10

нивни законски застапници, полномошници, судскиот персонал (судии, судиски поротници, записничар), но и вештаци. Сите тие се во одреден меѓусебен однос којшто е воспоставен и уреден со процедруални правила.

Вештаците во процедурална-правна смисла трети лица, тие можат, но и не мораат да бидат вклучени во парничната постапка, но ако се, тоа значи дека вештаците според останатите учесници во постапката имаат одредени обврски и права. Не е потребно посебно да се нагласува дека при спроведувањето на докази за вештачење улогата на парничните странки е незаменлива.

Понатаму парничната странка којашто го предложува доказот вештачење, по правило, мора однапред да ги подмири материјалните трошоци за спроведување на тој доказ. Предлогот за изведување на тој доказ странките можат да го стават во тужба, одговор на тужба, поднесоци и на самото рочиште[38]. Странките имаат право вештачкиот наод и мислење во текот на траење на постапката да бидат ставени на искушение, поставуват прашања на вештакот, да бара појаснување од вештакот, се со цел собирање и потполно разјаснување на парничниот супстрат потребен за донесување на законска награда.

Странките имаат право да присуствуваат на вештачењето, како и на вештакот да му упатуваат прашања и да поднесуваат потребна документација (исправа) со која што располагаат - секако во посредство на судот - со што се постигнуваат услови за што потполно разјаснување и утврдување на фактите важни за објективен и стручен наод и мислење на вештакот.

Понатаму, пред парничниот суд да одреди кое лице ќе го земе за вештак, за тоа ќе ги сослуша странките, а само во итни случаи судот може да одреди лице вештак без да спроведе сослушување на странката за лицето кое што има намера да му го довери вршењето на услугата давање помош за стручно знаење со коешто судот не располага (судскиот вештак).

Не постои пречка судот да не ги сослуша странките заради утврдување или разјаснување на какви било факти за коишто е потребно стручно знаење

[38] Чизмиќ, Ј, Некои размислуваа за вештачењето ва парнича постапка, Хрватски правен поглед, 2001 стр.30

со кое што судот не располага, а странката напротив располага, но тогаш тоа не е спроведување на доказот вештачење, туку доказ за сослушување на странката, за којашто специфичниот доказ и неговата оценка важат посебни правила. Исто така, лицата коишто користејќи ја својата стручност на посебен начин ги забележале некои, за конкретна парнична постапка важни спорни факти од минатото - таканаречени сведоци стручни лица - обично се сведоци, а на нив се применуваат одредби коишто се однесуваат на спроведување на доказите на сведоците.

Странките се должни да поднесат барање за изземање на вештакот ако дознаат дека постои причина за изземање, а најдоцна пред почетокот на изведување на доказот вештачење. Ако судот пред одредување на вештакот ги сослушал странките за лицето вештак, странките се должни во таа прилика ќе се изјават за изземање. Во барањето за изземање на вештакот странката е должна да ги наведе околности врз основа на коишто го темели своето барање за изземање. За барањто за изземање одлучува парничниот суд.

Судијата на замолениот суд и претседателот на советот одлучуваат за изземање ако им е доверено изведување на доказот вештачење. Ако странката дознала за причината изземање по извршеното вештачење и приговара на вештачењето од тие причини, судот ќе постапи како барањето за изземање да е ставено пред извршеното вештачење.

Вештакот може да биде изземен од истите причини од коишто мора да биде изземен судијата, што конкретно значи, ако судскиот вештак е странка во постапката, законскиот застапник или полномошник на странката, ако со странката е во соодност на совластеник, сообврзник или регресен обврзник, ако постојано или привремено работи во правно лице кое со странката е во постапка, ако било која од странките или законскиот застапник или ако е полномошник на странката, сроден по крв во права линија до кој било степен, а во странична линија до четврт степен или му е брачен другат, вонбрачен другат или сродник по брак до втор степен, без разлика на тоа дали бракот престанал или не, ако е старател, усвоител или усвоеник на странката, нејзин законски застапник или полномошник, ако во истиот предмет учествувал во

постапката пред понизок суд или пред кое било друго тело, ако е во стечајна постапка по повод којшто дошол до спорот учествувал или учествува како стечаен судија или член на стечајниот совет, ако постојат други околности коишто ја доведуваат во сомнение неговата непристрасност.

Како што е веќе споменато, судскиот вештак (експерт) е трето, од судот и странките различно лице, коешто е повикано од судот врз основа на својата стручна спрема, стекната вештина или лично искуство да забележи одредени за судскиот процес релевантни факти, околности или појави. Вештакот е лице коешто ги има оние способности, знаење и искуство во специфични подрачја на делување што судот според својата правна подготовка и општо образование ги нема, а ниту може да ги има. Судскиот вештак може да биде само физичко лице.

Кога вештачењето се доверува на стручна установа која што може да биде, факултет, научен институт и слично и тогаш вештачењето ќе го врши физичко лице, по правило експерт за подрачје во кое е одредено вештачењето, а коешто е вработено во таа установа. Значи, во овој случај установата одредува едно или повеќе физички лица кои во нејзино име ќе го вршат вештачењето. Иако изведувањето на вештачење како доказ може да го одреди само судот, во овој вториот случај конкретното лице коешто ќе го прави вештачењето го избере раководителот на таа установа, односно стручно тело на таа установа и дека пости за таа намена посебно воспоставено тело. Тоа упатува дека судот може, но и не мора, вештачењето да го довери на стручна установа, меѓутоа, во однос на посложени вештачења за кои по правило се потребни специјални и субспецијалистички знаења и вештини, многу скапа софистицирана опрема, сепак е дадена препорака на нивото на законската инструкција, значи без видливи постапни-правни санкции, дека таквите вештачења во прв ред ќе се даваат на тие установи. Меѓутоа, за жал практиката покажала дека вештачењата во граѓански постапки се доверуваат на специјализирани установи, особено скапи и долготрајни, што е во директна пречка со толку прокламирани начелно економични парнични постапки и право на судење во разумен рок.

Понатаму, од наведените законски одредби произлегува дека не постојат таканаречени колективни вештачења. Вештачењето останува индивидуално интелектуално делување (дејност, задача, обврска, должност, работа) на конкретно физичко лице - вештак, па макар во постапката вештачење да учествувале повеќе лица. Треба да се има во предвид дека постојат и таканаречени Комбинирани вештачења во кои учествуваат вештаци од различни струки, меѓутоа со такви вештачења не се одрекува карактеристиката индивидуалност, туку им е диферентна специфична интердисциплинарноста, односно мултидисциплинарни подрачја како рамки за забележување на правно релативните факти. Судските вештаци се одредуваат во прв ред од редот на постојани судски вештаци за одреден вид на вештачење. Меѓутоа, листата со попис на постојани судски вештаци за судот е исклучително од инструктивен, а не од задолжителен карактер.

Во конкретната парница вештакот е она лице коешто ќе го одреди парничниот суд и тоа со решение за изведување на докази. Само тоа лице може да се повика и е судски вештак, и само на него се однесуваат одредбите на законот за постапка, како и сите права и обврски коишто произлегуваат од тоа.

Наодот и мислењето за одреден факт којшто странката го побарала од стручното лице вон конкретна парнична постапка, за судот и постапката којашто се спроведува нема никаква важност, ниту влијание. Тој став е изразен и во судската практика, со став дека кога за истите факти се разидува вештакот којшто го именувал судот, од мислењето на стручното лице (кое што може да се наоѓа и на листата на постојани судски вештаци, но тој тогаш не е судски вештак, ниту воопшто вештак), не станува збор за наоди и мислења на двата вештаци.

Вештакот мора да има способност на забележување, помнење и репродукција, а со сето тоа и потребно стручно знаење потребно за конкретен случај. Судот и странката не можат да вршат функција вештак[39].

---

[39] Трива,С, Граѓанско парнично процесно право, IV издание, Загреб, 1980 стр.123

Вештаците имаат своја должност како кон судот, којшто ги именувал, така и кон странките. Според судот одредени вештаците се должни да одговорат на повикот и да го изнесат својот наод и мислење.

Важна карактеристика на вештакот, со оглед дека нивната задача е да ги разгледуваат и утврдуваат фактите (појавувањето) кои постојат во сегашноста, можна е нивна заменливост во секој момент. Постои законска можност судот вештакот да го ослободи од должноста вештачење, но за тоа е потребено негово експлицитно барање. Причини за ослободување од должноста вештачење се исите оние причини предвидени за негирање на сведочење, па вештакот може да го негира вештачењето од оние факти кои што ги дознал како доктор или при вршење на каков било друг повик или каква било друга дејност, ако постои обврска дека како тајна се чува она што се дознало при вршењето на тој повик или дејност.

Вештакот има право на надомест на патни трошоци и трошоци за храна и престој, на надомест на изгубена заработувачка и трошоци за вештачење и право на награда за извршено вештачење. Во поглед на надомест на трошоците и наградите на вештакот значи дека вештакот треба да бара надомест веднаш по сослушувањето, инаку го губи правото на надомест. Судот е должен да го предупреди вештакот. Во решението со коешто се мерат трошоците на вештакот судот ќе одреди дека одредена сума за исплата од дадениот заем, ако заемот не е положен, ќе нареди странките да му платат на вештакот одредена сума во рок од осум дена.

Основната улога на судот при изведување на доказите од вештакот е да раководи со постапката вештачење во постапна-правна смисла, на начин да го означи предметот на вештакот кој што ќе се разгледува, ќе му даде конкретна задача, ќе му поставув прашања, и според потребата ќе бара објаснувања во врска со дадените наоди и мислења. Од правата на странката да присуствува на вештачењето произлегува и должноста на судот странките да ги извести за денот на рочиштето на кое ќе се изведува вештачењето, без разлика дали вештачењето ќе се врши пред суд или вон суд. Судот може на вештакот да му дава објаснување за предметот на вештачење, а може да му се дозволи и

разгледување на списите. На барање на вештаците може да се изведуваат и нови докази за да се утврдат околностите коишто се важни за создавање на мислењето на вештакот. Меѓутоа, ако тоа не е експлицитно пропишано судот не смее никако да влијае на изборот на научната метода којашто вештакот ќе ја употреби во конкретно вештачење.

Кога вештакот ќе поднесе пишан извештај за извршено вештачење, судот е должен тоа известување да го достави на парничните странки пред рочиштето за главна расправа, за да на странките им биде дадена можност да расправаат за наодот и мислењето на вештакот, така да можат да стават евентуални приговори на извршеното вештачење, како и предлози за евентуално дополнување или обновување на вештачењето.

За вештак, судот може да земе и лице кое веќе го сослушало како сведок. На барање на странката судот може со решение да му нареди на вештакот да ги надомести трошоците кои што ги предизвикал со свое неоправдано недоаѓање или неоправдано одбивање да вештачи. За такво барање судот е должен да одлучи без одложување.

Судот вештакот го повикува со доставување на писмен повик во којшто се наведува името и презимето и занимањето на повиканиот, времето и местото на доаѓање, предметот во врска за што се повикува и назнака дека се повикува како вештак. Во поканата вештакот ќе се предупреди од последиците од неоправданото изостанување и на правото на надомест на трошоците.

Пред почетокот на вештачењето судот ќе го повика вештакот дека предметот вештачење внимателно ќе го разгледа, точно ќе наведе се што забележува и ќе најде и дека своето мислење ќе го изнесе совесно и во согласност со правилата на наука и вештина, а ќе го предупреди и на последиците за давање на лажен исказ. Потоа вештакот ќе го прашаат за име и презиме, име на таткото, занимање, престој, место на раѓање, возраст и негов однос со странките кој што се појавуваат во постапката.

Судот му одредува на вештакот рок во којшто е должен да поднесе наод и мислење. Тоа е судски рок кој првенствено зависи од сложеноста на предметот вештачење. Како судски рок, судот тој рок може да го продолжи што

секако треба да го направи пред тој а истече, бидејќи на барање на странките судот може со решение да му нареди на вештакот да ги надомести трошоците коишто ги предизвикал ако вештакот својот наод и мислења не ги поднесе во рокот кој што му го одредил судот.[40]

### 4.2 Должности и права на вештакот

За извршеното вештачење вештакот има право на награда. Наградата ја утврдува судот според посебен ценовник на постојаните судски вештаци. наградата за вештачење припаѓа и на правното лице на коешто му е доверено вештачењето, а зависно од сложеноста на предметот вештачење, како и во случаи кога за вршење на вештачењето потребно е посебно знаење, стручност и искуство, износ на наградата може да се зголеми до 100%.

Вештаците имаат право и на надомест на патните трошоци коишто опфаќаат надомест за превоз за средствата од јавен промет (трамвај, тролејбус, воз, автобус, брод и слично). Во случаи кога во патните правци не спаѓаат средства од јавниот промет, на вештаците им припаѓа надомест на трошоци во вид на километри, а по прописите коишто се применуваат на судењето на судот којшто ја води постапката.

На вештаците им припаѓа надомест на трошоците за храна (дневница) кои опфаќаат потребни издатоци за храна за времето на задржување на вештакот вон местото на живеење, односно престој, како и надомест на трошоците за сместување во полн износ според приложената сметка во висина на цената на ноќевање во хотел во исто место коешто го признава судијата.
На лицата кои што се во постојан работен однос во државни тела, стручни установи или други правни лица им припаѓа правото на неостварена плата за време на отсуство од работата заради одговор на повик во својство на вештак.

[40] Опатиќ, Н., Вештаци-доказно средство во граѓанско парнично право, Загреб, 2004, стр.7-10

## 4.3 Законска регулатива на вештакот во парничната постапка во Република Македонија

За време на парничните постапки се применува вештачењето како доказно средство доколку странката со тужбата или одговорот на тужба достави стручен наод и мислење на вештакот[41]. Доколку, пак, странката предлага да се воведе вештачење како доказ, но постојат факти или околности за кои не може да го прибави вештиот наод и мислење, судот ќе определи вештачење со писмена наредба. Во наредбата судот треба да наведе во однос на кои факти или околности се врши вештачењето, и на предлог на странката ќе определи на кого му се доверува вештачењето.[42]

Како што е споменато во член 235, вештакотот до судот треба да поднесе својот стручен наод и мислење во писмена форма во временската рамка определена од страна на судот, која не може да биде подолг од 45 дена, а во сложените предмети не може да биде подолга од 60 дена. Вештакот мора секогаш да го образложи стручниот наод и мислењето. Најдоцна 8 дена пред судењето судот треба да ги достави до странките стручниот наод и мислењето од вештачењето.[43] Исто така, како доказно средство може да бидат определени и повеќе вештаци кои можат да поднесат заеднички наод и мислење кога во наодот и мислењето се сложуваат. Ако во наодот и мислењето не се сложуваат секој вештак посебно го изнесува својот наод и мислење. Кога податоците на вештаците за нивниот наод не се сложуваат суштествено, или ако наодот на еден или на повеќе вештаци е нејасен, нецелосен или во противречност самиот со себеси или со испитаните околности, а тие недостатоци не можат да се отстранат со повторно сослушување на вештаците, судот може да определи супер вешачење кое ќе се изврши во роковите кои се претходно споменати во однос на член 245.[44]

---

[41] Член 235, Став 1 од Закон за парнична постапка на РМ

[42] Член 235, Став 2 од Закон за парнична постапка на РМ

[43] Член 245, став 1,2,3,4 од Закон за парнична постапка на РМ

[44] Член 246, став 1 и 2, Закон за парнична постапка на РМ

Доколку вештакот во определениот рок не го поднесе стручниот наод и мислењето, судот ќе го повика, ќе му го одземе предметот и ќе му изрече парична казна согласно со членот 240 ставовите 1 и 2 од Законот. Супер вештачењето се определува од страна на претседателот на советот или судијата поединец по електронски пат со примена на правилото на случаен избор од регистарот на вештаци, во присуство на двете странки односно на нивните полномошници.[45]

## 5. Сослушување на странки како доказно средство во парнична постапка во имотни односи

Сослушувањето се смета за многу битно доказно средство кое се применува во парничните постапки за имотните односи. Притоа согледани се аспектите на правата на лицата кои се повикани на сослушување, повикувањето на странката на сослушување, како и аспектот на евентуално давање на лажен исказ од страна на сослушаното лице.

И покрај непроценливата важност на ова доказно средство во ситуација кога нема други докази, на доказот сослушување на странките не му се придава поголема важност. Искажувањето на странките обично е обоено со нивните интереси и преубедувања, така што во нивната објективност не може многу да се потпреме.

Во самиот законски текст е кажано, дека кон доказот сослушување на странките се пристапува, дури ако нема други докази или дека спроведените докази се недоволни за да се утврдат битните факти. Искажувањето на странките дадено во текот на изведување на доказот сослушување, треба строго да се разликуваат од соопштенијата и информациите кои што странката ги дава во склоп на своите фактички тврдења по повик на судот (*информативно сослушување)* или своја иницијатива.

[45]Член 246, став 3, Закон за парнична постапка на РМ

Оваа другата изјава *(соопштение и информација)* се процесивни дејствија, кои како тврдењето за фактите треба допрва да бидат докажани. За важноста на исказот даден во сослушувањето не се бара од странката да биде парнично способна, доволни се способноста за перцепција и репродукција.

Правило е дека за странката, која што нема парнична способност, се сослушува нејзиниот законски застапник. Судот сепак може да одлучи наместо законскиот застапник или и покрај него да ја сослуша и самата странка (не се однесува на полномошникот на странката). За правно лице се сослушува лице кое со закон или по правило е одредено да има положба застапник. Сослушувањето на странките судот го одредува по предлог на самите странки или по службена должност. Правило е дека во изведувањето на докази се сослушаат двете странки.

Меѓутоа, ако судот е уверен, дека странките не се познати во постапката важни факти или да сослушаат една странка не е можно, можат да одредат да се сослуша само друга странка. Ова правило важи и тогаш кога на една странка и се скратува давањето на исказ или не одговори на повикот на судот заради сослушување.

Странките посебно се повикуваат на рочиште на кое ќе се сослушаат, а поканата се доставува лично на странката, односно на лицето кое ќе се сослушува. Потребно е во поканата да се назначи дека странката се повикува заради сослушување и да се предупреди дека во нејзина отсутност докажувањето може да се изведе сослушување само на другата присутна странка. Странката не мора да одговори на повикот и за тоа не трпи никакви правни санкции. Дури и ако е присутна може да и се скрати сослушувањето во тоа својство.

Меѓутоа, неодговарањето на покана или одбивање да се сослуша како доказно средство ја доведува странката во неповолна процесна положба. Судот ќе го цени таквото однесување на странката. Може иако за тоа не постојат причини да изведе заклучок, дека тврдењата на таа странка не се точни. Двете странки присуствуваат на изведување на овој доказ.

Доказот сослушување на странките може да се изведе и пред претседателот на советот или судија замолен од судот. Но само ако странката заради неотстранливи пречки не може да дојде пред суд или ако неговото заминување ќе предизвика преголеми трошоци. Странката нема посебно право, да и се надоместат трошоците по повод сослушување, туку тоа може да се оствари во вкупните трошоци по завршување на парницата. Затоа тука е изведено правило дека и претераните трошоци се правдаат посредно со изведувањето на овој доказ..[46]

Во конкретниот предмет П-1 22/2014 не се сослушани странките како сведоци, бидејќи се приложени многу други докази врз кои може да се утврди фактичката состојба.

### 5.1 Кои лица можат да се сослушуваат како странки

При изведувањето на доказот сослушување на странките во парничната постапка, како странки можат да бидат сослушани физички и правни лица. Модалитетот по кој тие ќе бидат сослушани е различен еден од друг.

Кога се работи за физички лица тие треба да имаат парнична способност за да бидат сослушани како странки. ”Странката која е целосно деловно способна може сама да ги врши дејствијата во постапката (парнична способност).”[47] Од оваа одредба произлегува дека за да може физичкото лице да биде сослушано треба да има парнична способност, односно да може самостојно да презема обврски врз себе.

Во случај кога странката не е парнично способно, тогаш во нејзино име се сослушува нејзиниот законски застапник, определен од страна на надлежниот државен орган. ”За странката која нема парнична способност ќе се сослуша нејзиниот законски застапник. Судот може да одлучи наместо или

[46] Радовановиќ, оп.цит.,стр.163-164
[47] чл.71, Закон за парнична постапка на РМ

покрај законскиот застапник да се сослуша самата странка, ако нејзинито сослушување е можно.”[48] И покрај тоа што судот мора да го сослуша законскиот застапник, доколку странката не е парнично способна, сепак има исклучок од ова правило кога судот ќе утврди дека е можно да ја сослуша парнично неспособната странка, односно дека таа е способна да даде известување за фактите кои се докажуваа во постапката.

Законскиот застапник на странката ќе се сослуша наместо странката, ако треба да даде доказ само за околностите кои ги сознал во вршењето на должноста на законски застапник, на пример склучен договор во име и за сметка на парнично неспособната страна, и во парницата е спорно неговото извршување и сл. Ако треба да даде исказ за други околности, кои немаат врска со вршењето на должноста законски застапник, ќе се сослуша како сведок.[49]

Во однос на правните лица, ќе бидат сослушани лицата кои се определени како нивни претставници. ”За правното лице ќе се сослуша лицето кое со законот или со правилата е определено да го застапува.”[50] ”За правното лице ќе се сослуша лицето што со законот или со правилата е определено да го застапува, но доколку сеуште ја врши таа должност. Меѓутоа, ако таквата должност повеќе не ја врши, може да биде сослушано само како сведок.”[51] Доколку правното лице има повеќе застапници, судот самиот ќе одлучи дали ќе сослуша неколку од нив или сите. ”Ако правното лице има повеќе лица кои се овластени да го застапуваат како застапници, судот е овластен да одлучи дали ќе ги сослуша сите тие лица или пак само некој од нив.”[52]

Во случај кога се работи за полномошници на странката, тие не можат да бидат сослушани како странки. Полномошникот на странката може да биде сослушан единствено како сведок. Меѓутоа, кога полномошникот е повикан да

[48] чл.252, ст.1, Закон за парнична постапка на РМ
[49] Чавдар, оп.цит.,стр506
[50] чл.252, ст.2. од Закон за парнична постапка на РМ
[51]Чавдар, оп.цит.,стр506
[52]Дика, оп.цит., стр.1090

биде сведок, тој може да одбие да сведочи за работи кои странката му ги кажала во доверба. "Сведокот може да одбие да сведочи: 1) за она што странката како на свој полномошник му го доверила."[53] Што се однесува до државниот правобранител, тој може да биде сослушан наместо правните лица и органите што ги застапува, бидејќи според закон тој нив ги претставува. „Државниот правобранител и државните правобранители ги штитат имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и странство."[54] "Државниот правобранител може да овласти и лице вработено во државното правобранителство со положен правосуден испит кое работи на правни работи да застапува пред судовите и други органи во имотно - правните спорови."[55] Државниот правобранител има овластување лице кое е вработено во државното правобранителство да ја претставува државата и другите органи во имотно – правните односи, под услов да има положен правосуден испит.

„Ако како странка во спорот учествуваат на една страна повеќе лица, судот ќе одлучи дали ќе се сослушаат сите овие лица или само некои лица."[56] Проблемот кој произлегува од оваа одредба е дали таа се однесува на сите видови сопарничари или пак само на единствените сопарничари.

Не би требало да има никаков сомнеж дека се однесува на таканаречените единствени сопарничари – тие се сметаат за една парнична странка поради тоа што доколку поедини од нив пропуштат некое парнично дејствие, дејството на парничните дејствија кои што ги преземале другите сопарничари се однесува и на оние сопарничари кои не се ги преземале тие дејствија.

Значи, можеме да заклучиме дека оваа одредба најмногу одговара за единствените сопарничари, бидејќи описот на сопарничарството предвидена во таа одредба најмногу одговара на единствените сопарничари.

---

[53] чл.222, ст.1, точ 1.,Закон за парнична постапка на РМ
[54] чл.5. Закон за државно правобранителство на Р.М, бр.87/07, 2007 година,
[55] чл.6, ст.1. Закон за државно правобранителство на Р.М
[56] чл.252, ст.3, Закон за парнична постапка на РМ

За другите видови на сопарничари карактеристично е тоа што тие ќе се сослушаат како странки само во делот од доказната тема кој се однесува за нив, односно ако се работи само за исходот на спорот за одлука која ќе има правно дејство само врз него. Сопарничарот како сведок ќе биде сослушан само во случаите кога ќе даде изјава во парничната постапка за определени факти кои се релевантни само за некој од другите сопарничари.

Кога се работи за замешувач во парницата, тој може да биде сослушан единствено како сведок, но не може да биде сослушан како странка.Спротивно на тоа замешувачот кој има положба на единствен сопарничар ќе биде сослушан како странка. ”Ако правното дејство на пресудата треба да се однесува и на замешувачот, тој има положба на единствен сопарничар.”[57]

### 5.2Повикување на странка за сослушување

Согласно на Законот за парнична постапка на Република Македонија, се е утврден начинот на повикување на лицата кои се повикани на сослушување се регулирани со член 253.

Имено, се истакнува дека поканата за рочиштето на кое ќе се изведува доказ со сослушување на странките се доставува лично до странката, односно до лицето што ќе се сослуша за странката. Доколку странката има полномошник, поканата за рочиштето на кое ќе се изведува доказ со сослушување на странката или на лицето кое треба да се сослуша за странката, се доставува до полномошникот, кој е должен за тоа да ја извести странката.[58]

Исто така, во поканата од претходно споменатите ставови на овој член се назначува дека на рочиштето ќе биде изведен доказ со сослушување на

[57] чл.197, ст.1, Закон за парнична постапка на РМ
[58] Член 253, Став 1 и 2 , Закон за парнична постапка на РМ

странките и дека странката што ќе дојде на рочиштето може да биде сослушана во отсуство на другата странка.[59]

## 5.3 Супсидијарноста како карактеристика на доказното средство сослушување на странките

Супсидијарното значи на ова доказно средство се стои во тоа што судот може да го употреби, тогаш кога нема други докази и кога и покрај постоењето на другите докази за утврдување на поединечни факти е потребно да се изведе тој доказ.

Една од причините поради кои ова доказно средство е од супсидијарна природа е факторот на страв и сомнеж кој се јавува при изведување на овој доказ. Страв и сомнеж при изведувањето на овој доказ постои поради тоа што резултатот на докажувањето го определува токму тој којшто е најзаинтересиран за тоа, а тоа е самата странка.

Судот треба да изведе други доказни средства, па дури тогаш да го искористи доказот сослушување на странките. Меѓутоа, сослушувањето на странките може да биде и примарно доказно средство кога нема други докази[60]

## 5.4 Давање на лажен исказ

Во членот 367 (став 1) од Кривичнниот Законик на Република Македонија се истакнува дека лице кое во улога на сведок, вештак, преведувач или толкувач во текот на една управна, прекршочна или дисциплинска постапка пред судот даде лажен исказ ќе биде казнет со парична казна или затворска казна во времетраење до три месеци.

[59] Член 253, Став 3 , Закон за парнична постапка на РМ

[60] Станковиќ, Г, Граѓанско процесно право, втор книга, Универзитет-Ниш едини унивезитет во Ниш, 1987, стр.260

Во ставот два, во соодност со споменатото од став 1, се превидува казнување на странката која при изведување доказ со сослушување на странки во процесна или во управна постапка ќе даде лажен исказ, а врз овој исказ е заснована одлуката донесена во таа постапка. Доколку лажниот исказ од став 1 биде приложен во постапката за сторителот се предвудува казна затвор од три месеци до пет години (став 3).

Во лажниот исказ од споменатиот став 1, доколку поради делото од став 3 настапиле особено тешки последици за обвинетиот, за сторителот се предвидува казна затвор од една до десет години. Доколку пак сторителот доброволно го отповика својот лажен исказ пред да биде изнесена перавосилната одлука, постои можност да биде ослободен од казна.[61]

.

[61] Кривичен Законик на РМ, Службен весник на Република Македонија, број.37/96,

*ГЛАВА 3*

# АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ВО ПАРНИЧНИ ПОСТАПКИ ВО ИМОТНИ ОДНОСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. Примерок на анализа

Со цел на обработка на целите, предметот и поставената хипотетичка рамка за потребите на магистерскиот труд, анализирани се случаи на парнична постапка на имотни односи на територијата на Република Македонија.

Учество во примерокот имаат:

- Основен суд Берово
- Основен суд Кочани
- Основен суд Виница
- Основен суд Велес
- Основен суд Кавадарци
- Основен суд Делчево

Притоа, метод на исклучување на анализа на случаи се:

- Кривични постапки
- Парнични постапки кои не се однесуваат на имотните односи

Додека, пак, методот на вклучување според кој се избрани анализираните случаи се однесува на:

- Случаи на парнична постапка на територијата на Република Македонија во кои постапката се однесува на имотни односи.

## 2. Истражувачки примерок

Во овој дел од трудот е даден табеларен и графички осврт на истражувачкиот примерок, односно на анализираните случаи од Основните судови на територијата на Република Македонија.

На следната табела е даден приказ на истражувачкиот примерок, согласно на опфатените судови.

Табела 1 – Истражувачки примерок низ призма на судови од кои се анализирани случаи на парнична постапка на имотни односи

Table 1 – Research sample through the prism of the courts that have analyzed litigation cases of property relations

| **Истражувачки примерок низ призма на судови од кои се анализирани случаи на парнична постапка на имотни односи** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Основен суд Берово** | 7 | 14 |
| **Основен суд Кочани** | 14 | 28 |
| **Основен суд Виница** | 2 | 4 |
| **Основен суд Битола** | 4 | 8 |
| **Основен суд Велес** | 14 | 28 |
| **Основен суд Кавадарци** | 7 | 14 |
| **Основен суд Делчево** | 2 | 4 |
| **Вкупно** | 50 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 1 – Истражувачки примерок низ призма на судови од кои се анализирани случаи на парнична постапка на имотни односи

Graph 1 - Research sample through the prism of the courts that have analyzed litigation cases of property relations




Извор: Сопствено истражување

Согласно на прикажаните резултати, може да се истакне дека најмногубројни се анализираните случаи од Основниот суд- Кочани (28%) и од Основниот суд- Велес (28%). Дел од анализираните случаи, кои се од Основниот суд- Берово и Основниот суд- Кавадарци, изнесуваат по 14% од вкупниот истражувачки примерок. Од Основниот суд- Битола, анализирани се 8%, Основен суд- Виница 4% и Основен суд- Делчево 4%.

Битно е да се истакне дека изборот на анализирани случаи се темелеше на база на достапните објавени пресуди од парничните постапки на имотни односи во периодот од 2014 година.

Во продолжение е даден табеларен осврт на работењето на судовите во текот на 2014[62] година во доменот на парничната постапка.

- ***Основен суд Берово***[63]

Табела 2 – Преглед на движењето на предмети во судот кои се опфатени со ориентационата норма за месец март 2014 година (граѓански дел)

Table 2 – Review of the movement of items in the court which are covered by the orientation norm for March 2014 (civil section)

| | **Нерешени случаи на почетокот на месецот** | **Новопримени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Вкупно решени предмети** | **Нерешени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Спорови од мала вредност** | 15 | 7 | 22 | 3 | 19 |
| **Спорови од областа на сопственоста, облигациите и наследувањето** | 41 | 9 | 50 | 6 | 44 |
| **Оставински предмети решени од** | | | | | 0 |

[62] Земен е во предвид последно објавениот извештај
[63] http://www.osberovo.mk/

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **судот** | | | | | |
| **Физичка делба** | 21 | 13 | 34 | 6 | 28 |
| **Приговори** | 4 | 3 | 7 | 4 | 3 |
| **Повторување на постапката** | | | 0 | | 0 |
| **Вкупно** | 81 | 32 | 113 | 19 | 94 |

Извор: http://www.osberovo.mk/cms/FCKEditor_Upload/File/izvestaj/Sumaren%20pregled%20mesec%20Mart%202014%20godina.pdf

Според тоа, може да се истакне дека во Основниот суд -Берово во месец март 2014 година, имаа 81 нерешени предмети на почетокот на месецот во доменот на имотните односи и поднесените приговори и повторување на постапка. Новопримени предмети во месецот биле вкупно 32, вкупно предмети во процес на работа 113, вкупно решени предмети 19 и нерешени предмети на крајот од месецот 94.

- ***Основен суд- Кочани***[64]

Табела 3 – Извештај за парнични постапки Основен суд- Кочани за месец октомври 2014

Table 3 – Report for litigation Basic court in city of Kochani for October 2014

| | Нерешени | Новопримени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Повторување на постапката во парнично** | 3 | / | 3 | 2 | 1 |

[64] http://www.oskocani.mk/

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Имотни спорови** | 23 | 10 | 33 | 5 | 28 |
| **Вкупно** | 26 | 10 | 36 | 7 | 29 |

Извор: http://www.oskocani.mk/cms/FCKEditor_Upload/File/MESECNI%20IZVESTAI/Izvestaj%20po%20sudii%20-%20oktomvri%202014.pdf

Од табелата може да се забележи дека во текот на месец октомври 2014 година во Основниот суд- Кочани имал повторување на постапка во парнично, при што имало 3 нерешени случаи, вкупно во работа 3 случаи, решени 2 и остаток 3. Во однос на имотните спорови во месец октомври, имало 23 нерешени случаи, 10 новопримени, 33 вкупно во работа, 5 решени случаи и 28 остаток.

- ***Основен суд Виница***[65]

На следната табела е даден преглед на случаите на Основниот суд- Виница во текот на месец септември 2014 година.

Табела 4 – Вкупен приказ на имотни спорови во Основен суд- Виница за месец септември 2014

Table 4 – Total display property disputes in Basic court in city of Vinica for September 2014

| | **Нерешени** | **Новопримени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Повторување на постапката** | / | / | / | / | / |

[65] http://www.osvinica.mk/

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **во парнично** | | | | | |
| **Имотни спорови** | 13 | 3 | 16 | 4 | 12 |
| **Вкупно** | | | | | |

Извор:
http://www.osvinica.mk/cms/FCKEditor_Upload/mesecen_izvestaj_2014_09.pdf

Согласно на прикажаните податоци на табелата, од Извештајот на Основен суд –Виница, за месец септември 2014 година, може да се истакне дека биле опфатени вкупно 13 нерешени случаи на имотни спорови, 3 новопримени во текот на споменатиот месец, 16 вкупно во работа, 4 решени случаи и 12 случаи остаток.

- ***Основен суд- Велес***[66]

Не се пронајдени извештаи за работењето на Основен суд- Велес поради што не се приложени податоци за работењето на судот.

- ***Основен суд- Кавадарци***[67]

Не се пронајдени извештаи за работењето на Основен суд- Велес поради што не се приложени податоци за работењето на судот.

- ***Основен суд- Делчево***

На следната табела е даден приказ за работењето на Основниот суд- Делчево во однос на парничните постапки од аспект на имотните односи за месец октомври 2014 година.

Табела 5 – Вкупен приказ на имотни спорови во Основен суд- Делчево за месец октомври 2014

Table 5 - Total display property disputes in Basic court in city of Delchevo for October 2014

[66] http://www.osveles.mk/
[67] http://www.oskavadarci.mk/

| | Нерешени | Новопримени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|
| **Повторување на постапката во парнично** | 6 | 2 | 8 | 1 | 7 |
| **Имотни спорови** | 64 | 3 | 67 | 4 | 63 |
| **Вкупно** | 70 | 5 | 75 | 5 | 70 |

Извор: http://www.osdelcevo.mk/cms/FCKEditor_Upload/File/%D0%9E%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BD%20%D1%81%D1%83%D0%B4%20%D0%94%D0%B5%D0%BB%D1%87%D0%B5%D0%B2%D0%BE%20-%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BC%D0%B5%D1%81%D0%B5%D1%86%2010.2014.pdf

Согласно на прикажаните резултати на табелата, може да се истакне дека во однос на повторувањето на постапката во парнично во месец октомври 2014 година, имало 6 нерешени случаи, 2 новопримени, 8 вкупно во работа, 1 решен случај и 7 остаток. Додека пак, во однос на имотните односи, најмногу во споредба со другите анализирани судови, во месец октомври имало 64 нерешени случаи за имотни спорови, 3 новопримени, 67 случаи вкупно во работа, 4 решени случаи и 63 остаток.

### 3. Краток осврт на анализирани случаи

Во овој дел од трудот е направен преглед на анализираните парнични постапки на имотни односи, согласно на предметот на судскиот предмет.

На следната табела е даден преглед на статистичките податоци, зависно од анализираните случаи.

Табела 6 - Анализирани случаи според предметот на судскиот случај

Table 6 – Analyzed cases by the subject of court case

| Анализирани случаи според предметот на судскиот случај | Ф | % |
|---|---|---|
| Стекнување право на сопственост | 2 | 4 |
| Утврдување на право на сопственост | 19 | 38 |
| По основ на заем | 3 | 6 |
| За предавање во владение на недвижен имот | 4 | 8 |
| Воспоставување на службеност на премин | 1 | 2 |
| Надомест на штета | 1 | 2 |
| Раскинување на договор за подарок на недвижен имот | 1 | 2 |
| Злоупотреба на право на сопственост | 1 | 2 |
| Право на сопственост и предавање на владение | 8 | 16 |
| За постоење на договорен однос | 1 | 2 |
| Утврдување на | 1 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| **непостоење право** | | |
| **Сопственост по основа на денационализација** | 1 | 2 |
| **Надомест за бесправно користење на недвижен имот** | 1 | 2 |
| **Утврдување на непостоење на долг** | 1 | 2 |
| **Утврдување на оспорено побарување** | 2 | 4 |
| **Право на користење** | 2 | 4 |
| **Отказ и раскинување на договор за закуп и предавање на владение** | 1 | 2 |
| **Вкупно** | 50 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 2 - Анализирани случаи според предметот на судскиот случај

Graph 2 - Analyzed cases by the subject of court case




Извор: Сопствено истражување

Согласно на прикажаните резултати на графиконот, може да се увиди дека најголем дел од анализираните случаи (38%) имаат предмет на утврдување на право на сопственост, 16% од случаите имаат предмет на право на сопственост и предавање на владение, 8% од случаите имаат предмет за предавање во владение на недвижен имот, 6% од предметите се по основа на заем, 4% од предметите се однесуваат на утврдување на оспорено побарување, 4% имаат основа на стекнување на право на сопственост, 4% од предметите имаат основа на право на користење и по 2%

од случаите имаат предмет по основа на: воспоставување на службеност на премин, надомест на штета, раскинување на договор за подарок на недвижен имот, злоупотреба на право на сопственост, за постоење на договорен однос, утврдување на непостоење право, сопственост на основа на децентрализација, надомест на бесправно користење на недвижен имот и отказ и раскинување на договор за закуп и предавање на владение.

Во продолжение е даден детален преглед на анализираните случаи:

- Предмет 16.10.2014 П-1 бр.21/2014 – Основен суд- Берово[68]
- Предмет 15.10.2014 П-1-61/13 – Основен суд- Берово[69]
- Предмет 16.10.2014 П-1 бр.13/2014 – Основен суд- Берово[70]
- Предмет 15.10.2014 П-1-25/14 – Основен суд- Берово[71]
- Предмет 17.09.2014 П-1-22/14 – Основен суд- Берово[72]
- Предмет 04.09.2014 П-1-16/14 – Основен суд- Берово[73]
- Предмет 17.09.2014 П-1-40/14 – Основен суд- Берово[74]
- Предмет 15.10.2014 П-1.бр.46/14 – Основен суд- Кочани[75]
- Предмет 08.10.2014 П-1.бр.24/14 - Основниот Суд- Кочани[76]
- Предмет 04.03.2014 П1.бр.142/13 - Основниот Суд- Кавадарци[77]
- Предмет 04.03.2014 П1.бр.2/13 - Основниот Суд- Кавадарци[78]
- Предмет 26.02.2014 П1.бр.138/13 - Основниот Суд- Кавадарци[79]

[68] Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=919

[69] Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=906

[70] Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=918

[71] Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=909

[72] Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=880

[73] Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=878

[74] Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=881

[75] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9161

[76] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9088

[77] Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3298

[78] Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3287

[79] Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3266

- Предмет 17.02.2014 П1.бр.96/13 - Основниот Суд- Кавадарци[80]
- Предмет 12.02.2014 П1.бр.106/13 - Основниот Суд- Кавадарци[81]
- Предмет 12.02.2014 П1 бр.113/13 - Основниот Суд- Кавадарци[82]
- Предмет 10.10.2014 П1-4/2014 - Основниот Суд- Виница[83]
- Предмет 16.10.2014 П1-15/2014 – Основен суд- Виница[84]
- Предмет 06.10.2014 П1-18/2014 – Основен суд- Виница[85]
- Предмет 13.10.2014 П1 Бр. 216/14 - Основниот Суд- Битола[86]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.32/14 - Основен суд- Велес[87]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.57/13 – Основен суд- Велес[88]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.67/14 - Основен суд- Велес[89]
- Предмет 17.10.2014 П1.бр.75/14 - Основниот Суд- Велес[90]
- Предмет 08.10.2014 П1 Бр. 37/14 - Основниот Суд- Битола[91]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.95/12 – Основен суд- Велес[92]
- Предмет 17.10.2014 П1.бр. 74/13 – Основен суд- Велес[93]
- Предмет 06.10.2014 П1 Бр. 87/1 – Основен суд- Битола[94]
- Предмет 14.10.2014 П 1 бр.51/1 – Основен суд- Велес[95]

[80] Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3262

[81] Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3256

[82] Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3228

[83] Достапно на: http://www.osvinica.mk/Odluki.aspx?odluka=9209

[84] Достапно на: http://www.osvinica.mk/Odluki.aspx?odluka=9233

[85] Достапно на: http://www.osvinica.mk/Odluki.aspx?odluka=9169

[86] Достапно на: http://www.osbitola.mk/Odluki.aspx?odluka=20354

[87] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17583

[88] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17584

[89] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17585

[90] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17586

[91] Достапно на: http://www.osbitola.mk/Odluki.aspx?odluka=20324

[92] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17593

[93] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17592

[94] Достапно на: http://www.osbitola.mk/Odluki.aspx?odluka=20279

[95] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17543

- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.318/12 – Основен суд- Велес[96]
- Предмет 14.10.2014 П1бр. 48/14 – Основен суд- Велес[97]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.315/12 - Основниот Суд- Велес[98]
- Предмет 14.10.2014 П1 бр.49/14 - Основен суд- Велес[99]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.282/12 – Основен суд- Велес[100]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.237/12 - Основен суд- Велес[101]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.108/11 – Основен суд- Велес[102]
- Предмет 21.10.2014 П-1 бр.26/14 – Основен суд- Кочани[103]
- Предмет 25.10.2014 П1.бр.103/14 –Основен суд- Велес[104]
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.04/2014 - Основниот Суд- Делчево[105]
- Предмет 01.10.2014 П-1 бр.31/14 - Основниот Суд- Кочани[106]
- Предмет 26.09.2014 П-1.бр.32/14 – Основен суд- Кочани[107]
- Предмет 25.09.2014 П-1 бр.54/14 – Основен суд- Кочани[108]
- Предмет 19.09.2014 П-1.бр.34/14 – Основен суд- Кочани[109]
- Предмет 10.07.2014 П-1 бр.40/14 – Основен суд- Кочани[110]
- Предмет 30.06.2014 П-1 бр.7/14 – Основен суд- Кочани[111]

---

[96] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17591

[97] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17549

[98] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17590

[99] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17550

[100] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17589

[101] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17588

[102] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17587

[103] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9206

[104] Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17861

[105] Достапно на: http://www.osdelcevo.mk/Odluki.aspx?odluka=1653

[106] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9031

[107] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9012

[108] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8976

[109] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8943

[110] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8786

- Предмет 30.06.2014  П-1 бр.15/14 – Основен суд- Кочани[112]
- Предмет 30.06.2014  П-1.бр.38/14 – Основен суд- Кочани[113]
- Предмет 30.06.2014  П-1 бр.18/14 – Основен суд- Кочани[114]
- Предмет 30.06.2014  П-1.бр.2/14 - Основниот Суд- Кочани[115]
- Предмет 04.06.2014  П-1 бр.12/14 – Основен суд- Кочани[116]

Во следниот дел, трудот ќе даде приказ на стистичката обработка на податоците од анализираните случаи.

## 4. Статистичка обработка на податоците од анализираните случаи од парнични постапки во имотни односи

Во овој дел од трудот е даден осврт на анализата на случаите од парнична постапка во имотни односи, притоа претставувајќи ја анализата низ табели и графикони. Битно е да се истакне дека во еден случај може да бидат применети повеќе доказни средства. Додека во однос на ефикасноста на пресудата, низ призма на доказните средства, земен е во предвид оној доказ кој  е истакнат за клучен при донесување на пресудата.

При изработката на статистичкиот дел од трудот, направени се следните постапки:

- Изнаоѓање на одлуки на Основните судови во Република Македонија
- Извлекување на информации од одлуките за видот на предметот на парничната постапка на имотни односи

[111] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8583

[112] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8582

[113] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8581

[114] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8610

[115] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8612

[116] Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8491

- Извлекување на информации за применетите доказни средства за извлекување на фактите од случајот на парничната постапка
- Пребројување на извлечените податоци за анализа
- Внесување на податоците во статистички програм Excel
- Пресметка на фреквенции и процентни вредности за секој засебен сегмент на анализа
- Изработка на табели и графикони
- Тестирање на хипотезите со примена на анализа на податоци во статистичкиот програм Excel и издвојување на т-тестот како тест за тестирање на значајност на разлики.

## 4.1. Вкупно применети докази во анализираните случаи

На следната табела е даден приказ на вкупно применетите докази во анализираните случаи на имотни односи во парнична постапка во Република Македонија.

Табела 7 – Примена на лични и стварни доказни средства

Table 7 – Application of personal and real evidence

| | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Лични доказни средства** | 54 | 51 |
| **Стварни доказни средства** | 51 | 49 |
| **Вкупно** | 105 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 3 – Примена на лични и стварни доказни средства

Graph 3 - Application of personal and real evidence




Извор: Сопствено истражување

Од прикажаните резултати може да се забележи дека во анализираните случаи на имотни односи во парнична постапка во судовите во Република Македонија, 49% се стварни доказни средства и 51% се лични доказни средства.

Она што е интересно да се спомне е дека се анализирани вкупно 50 случаи, а издвоени се вкупно 105 доказни средства, што, всушност, означува дека во просек по случај е применето по 2 доказни средства. Но, реалноста е дека некои случаи се темелат на еден доказ (пример признание, увид, и сл.), додека во некои случаи се вклучени повеќе доказни средства.

На следната табела е даден приказ на сите докази поединечно при водењето на парнична постапка во претходно споменатите случаи.

Табела 8 – Видови на доказни средства

Table 8 – Types of evidence

| Видови на доказни средства | Ф | % |
|---|---|---|
| Сведоци | 8 | 7 |
| Вештаци | 17 | 16 |
| Странки | 29 | 28 |
| Исправи | 18 | 17 |
| Увид | 33 | 32 |
| Вкупно | 105 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 4 – Видови доказни средства

Graph 4 - Types of evidence




Извор: Сопствено истражување

Според прикажаните резултати на графиконо,т може да се истакне дека според вкупниот број (105) на доказни средства при анализираните случаи на парнична постапка на имотни односи, 28% од доказите биле странки кои биле сослушани. Понатаму, 32% од доказите е предмет на увид, 17% од доказите биле исправи, 16% од доказите биле вештаците,, односно вештачењето и 7% од доказите во парничните постапки биле сведоците.

Врз основа на овие докази приложени и предложени од страна на тужителот и тужениот судот ја утврдува фактичката состојба, и врз основа на така утврдената фактичка состојба, донесува одлука.

## 4.2. Примена на лични доказни средства при донесувањето одлука во парнична постапка на имотни односи

На следните табела и графикон е даден приказ на примената на лични доказни средства (сведоци, вештаци, странки) во текот на парничните постапки на имотни односи на територијата на Република Македонија во 2014 година.

Табела 9 – Лични доказни средства

Table 9 – Personal evidence

| **Лични доказни средства** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Сведоци** | 8 | 15 |
| **Вештаци** | 17 | 31 |
| **Странки (сослушување, признание, и сл.)** | 29 | 54 |
| **Вкупно** | 54 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 5 – Лични доказни средства

Graph 5 – Personal evidence




Извор: Сопствено истражување

Согласно на прикажаните резултати, може да се истакне дека со примената на лични доказни средства во анализираните случаи на парнична судства постапка, во однос на имотните односи, во 54% од овие случаи, еден од доказите била странката, односно сослушувањето на странката како доказно средство, но и признанието од страна на странката (најчесто од тужениот).

Потоа, битно е да се истакне дека и вештачењето, односно улогата на вештаците зазема значајно место при парничните постапки, што е забележано во 31% од доказните средства во овие случаи. Најмалку застапено доказно средство се сведоците (15%), кои во парничните постапки при анализираните случаи, не се честа појава, за разлика од кривичните постапки во судовите.

### 4.3. Одлуки во анализираните случаи на парнична постапка во имотни односи

При водењето на парнична постапка, покрај усвоена и одбиена тужба, постојат и други исходи од водењето на постапката. Како што е случај при анализата, дел од случаите имаат исход на судско порамнување, како и делумно усвојување на тужбата (само во одредени сегменти се усвојува, во други се одбива).

Во овој дел од трудот се анализирани видот и вкупниот број на донесени одлуки при водењето на парнична постапка со доказни средства, во случаи на имотни односи, на територијата на Република Македонија.

Табела 10 – Одлуки на анализирани случаи на имотни односи во парнична постапка

Table 10 – Decisions of the analyzed cases of property relations in litigation

| **Одлуки на анализирани случаи на имотни односи во парнична постапка** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Усвоена тужба** | 23 | 46 |
| **Делумно усвоена тужба** | 3 | 6 |
| **Судско порамнување** | 1 | 2 |
| **Одбиена тужба** | 23 | 46 |
| **Вкупно** | 50 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 6 - Одлуки на анализирани случаи на имотни односи во парнична постапка

Graph 6 - Decisions of the analyzed cases of property relations in litigation




Извор: Сопствено истражување

На графиконот може да се забележи дека е подеднаков бројот на усвоени и одбиени тужби при парничната постапка на имотни односи, од кои 46% се усвоени тужби и 46% се одбиени тужби. Само во еден (2%) од анализираните случаи е донесена одлука на судско порамнување, додека во 3 случаи (6%) е донесена одлука на делумно усвоена тужба.

### 4.4. Примена на стварни доказни средства при донесувањето одлука во парнична постапка на имотни односи

Во овој дел од трудот е даден приказ на стварните доказни средства, како дел од доказите во анализираните случаи на парнична постапка во имотните односи на територијата на нашата држава.

Табела 11 – Стварни доказни средства

Table 11 – Real evidence

| Стварни доказни средства | Ф | % |
|---|---|---|
| **Исправи** | 18 | 35 |
| **Предмет на увид** | 33 | 65 |
| **Вкупно** | 51 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

**Графикон 7 – Стварни доказни средства**

Graph 7 – Real evidence




Извор: Сопствено истражување

Оттука, може да се истакне дека во 65% од примената на стварни доказни средства во парничната постапка на имотни односи во судовите во Република Македонија, припаѓа на увидот како доказ. Додека, пак, во 35% од стварните доказни средства кои се применуваат, се исправи.

## 4.5. Ефикасност на доказни средства

### 4.5.1. Ефикасност на доказните средства од аспект на усвоена тужба

На следната табела е даден преглед на усвоените тужби и ефикасноста на доказните средства при поделба на лични и стварни.

Табела 12 – Ефикасност  на доказни средства (усвоена тужба)

Table 12 – Efficiency of evidence (adopted lawsuit)

| Ефикасност на доказни средства (усвоена тужба) | Ф | % |
|---|---|---|
| **Лични доказни средства** | 13 | 56 |
| **Стварни доказни средства** | 10 | 44 |
| **Вкупно** | 23 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 8 - Ефикасност  на доказни средства (усвоена тужба)

Graph 8 - Efficiency of evidence (adopted lawsuit)




Извор: Сопствено истражување

Според прикажаните резултати може да се истакне дека со примената на стварните доказни средства се докажани 44% од воопшто усвоените тужби, додека, пак, во 56% свој придонес имаат личните доказни средства.

#### 4.5.2. (Не)Ефикасност на доказните средства од аспект на одбиена тужба

На следната табела е даден приказ на (не)ефикасноста при донесувањето на одлука на судот дека тужбата се отфрла, односно дека е одбиена.

Табела 13 – (Не)Ефикасност на доказните средства од аспект на одбиена тужба

Table 13 – (Non) Efficiency of evidence from aspect of the rejected lawsuit

| **(Не)Ефикасност на доказните средства од** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|

| аспект на одбиена тужба | | |
|---|---|---|
| **Лични доказни средства** | 7 | 30 |
| **Стварни доказни средства** | 16 | 70 |
| **Вкупно** | 23 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 9 - (Не)Ефикасност на доказните средства од аспект на одбиена тужба

Graph 9 - (Non) Efficiency of evidence from aspect of the rejected lawsuit




Извор: Сопствено истражување

На графиконот може да се забележи дека при анализитаните сличаи на имотни односи во парничните постапки во судовите во Република Македонија, во 70% од одбиените тужби се на основа на приложени стварни доказни средства. Додека, пак, во 30% од одбиените тужби се одбиени на основа на прикажани лични доказни средства.

### 4.5.3. Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на лични доказни средства

На следната табела е даден приказ на усвоените, односно одбиените тужби на парнична постапка од аспект на имотни односи во Република Македонија.

Табела 14 – Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на лични доказни средства

Table 14 – Adopted against rejected lawsuits using personal evidence

| Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на лични доказни средства | Ф | % |
|---|---|---|
| Усвоени тужби | 13 | 65 |
| Одбиени тужби | 7 | 35 |
| Вкупно | 20 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 10 - Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на лични доказни средства

Graph 10 - Adopted against rejected lawsuits using personal evidence




Извор: Сопствено истражување

Како што може да се види на графиконот, во случаите на имотни односи во парнична постапка каде биле применети лични доказни средства 65% од тужбите се усвоени, додека 35% се отфрлени.

### 4.5.4. Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на стварни доказни средства

На следната табела е даден приказ на усвоените, односно одбиените тужби за имотни односи на територијата на Република Македонија кои се анализирани во овој магистерски труд.

Табела 15 - Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на стварни доказни средства

Table 15 – Adopted against rejected lawsuits using real evidence

| **Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на стварни доказни средства** | **Ф** | **%** |
|---|---|---|
| **Усвоени тужби** | 10 | 38 |

| | | |
|---|---|---|
| **Одбиени тужби** | 16 | 62 |
| **Вкупно** | 26 | 100 |

Ова претставено на графикон изгледа вака:

Графикон 11 - Усвоени наспроти одбиени тужби со примена на стварни доказни средства

Graph 11 - Adopted against rejected lawsuits using real evidence




Извор: Сопствено истражување

Согласно на прикажаните резултати на графиконот, може да се истакне дека при примената на стварни доказни средства во 62% од случаите се одбиени тужбите, додека во 38% тужбите се усвоени.

**5. Осврт на поставени хипотези**

Во однос на поставената генерална хипотеза на магистерскиот труд која гласи: „*Не постојат статистички значајни разлики во утврдување на факти*

*во парнична постапка во имотни односи, односно утврдување на факти со лични доказни средства не се разликува од утврдување со стварни доказни средства*" е направена пресметка на т-тест со цел на утврдување на разликите.

Табела 16 – Тестирање на разлики со т-тест

Table 16 – Testing differences with t-test

| **t-Test: Paired Two Sample for Means** | | |
|---|---|---|
| | *Variable 1* | *Variable 2* |
| **Mean** | 10 | 13 |
| **Variance** | 18 | 18 |
| **Observations** | 2 | 2 |
| **Pearson Correlation** | -1 | |
| **Hypothesized Mean Difference** | 0 | |
| **Df** | 1 | |
| **t Stat** | -0.5 | |
| **P(T<=t) one-tail** | 0.352416 | |
| **t Critical one-tail** | 6.313752 | |
| **P(T<=t) two-tail** | 0.704833 | |
| **t Critical two-tail** | 12.7062 | |

Извор: Сопствено истражување

Од табелата може да се увиди дека t вредноста на еднонасочен t-тест изнесува 0.35 за df=1, при што табличната вредност на ниво на значајност p=0,05 изнесува $t\alpha$ = 6,314. Притоа е битно да се истакне дека $t > t\alpha$ што, всушност, означува дека постои статистички значајна разлика помеѓу анализираните податоци.

Всушност, се отфрла генералната хипотеза и се прифаќа алтернативната, односно *Постојат статистички значајни разлики во утврдување на факти на факти со лични доказни средства не се разликува од утврдување со стварни доказни средства*.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

*Во магистерскиот труд теоретски се елаборирани доказите како темел на донесување на одлука на судовите во парничните постапки во имотните односи, но направена е и анализа на база на достапни пресуди од одредени судови на територијата на Република Македонија. Анализирани беа вкупно 50 случаи на имотни односи по што податоците беа обработени и анализирани.*

*Од направената анализа дојдено е до следните сознанија:*

- *Според видот на доказни средства во парничните постапки во имотните односи најчесто се увидот како доказно средство. Ова е случај бидејќи станува збор за имотни односи и многу често на увид покрај лични исправи, се доставуваат и договори за недвижнини, имотни листови и слично. Потоа, често се применува  и сослушување на странките, по што следат исправите и вештачењето, додека најретко се повикуваат сведоци.*
- *Со примена на лични доказни средства најчесто се донесува одлука на база на сослушувањето на странките, додека поретко со вештачење и сведочење.*
- *Со примена на стварни доказни средства најчесто се усвојувани тужби со примена на предмет на увид, додека поретко со исправи.*
- *Ефикасноста на доказните средства од аспект на усвоена тужба е поголема кај личните доказни средства, додека на пониско ниво за стварните доказни средства. Разликата е*

*мала, но сепак постои, што се потврди и со направениот т-тест. Односно, неефикасноста на доказните средства од аспект на одбиена тужба е поголема кај стварните доказни средства.*

- *Поголем дел од тужбите каде се применети лични доказни средства се усвоени (65%), додека помал дел се одбиени.*
- *Поголем дел од тужбите каде се применети стварни доказни средства се одбиени (62%) додека помал дел се усвоени.*
- *Во однос на поставената хипотетичка рамка, може да се истакне дека постојат статистички значајни разлики при утврдување на фактите во парнична постапка во имотни односи, од аспект на постоење на разлики при утврдувањето на факти со лични доказни средства и стварни доказни средства. Забележани се статистички значајни разлики во ефективноста и ефикасноста на доказните средства при што јавните доказни средства се покажале како поквалитетни докази во парничните постапки на имотни односи.*

*Притоа, треба да се истакне дека во парничната постапка судот носи одлуки во рамките на барањата кои се ставени во една постапка. Странките имаат должност да ги изнесат фактите на кои се темелат нивните барања и да приложат докази со кои се утврдуваат тие факти. Судот има овластување да ги утврди фактите кои странките не ги изнеле и да изведат докази кои странките не ги предложиле.*

*Секоја странка треба да ги изнесе фактите и да приложи докази на кои се заснова нејзиното барање. Докажувањето опфаќа повеќе факти кои се битни за донесувањето на одлуката. Судот има право да одлучи кои докази ќе ги прифати, а кои не.*

*Во многу случаи постои комбинирана примена на приложените докази, односно не се применува само увид (пример) како доказно средство, туку често се применуваат повеќе докази, со цел полесно да се утврдат фактите.*

Прилог 1

- Предмет 16.10.2014 П-1 бр.21/2014 – Основен суд- Берово
  Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=919
- Предмет 15.10.2014 П-1-61/13 – Основен суд- Берово
  Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=906
- Предмет 16.10.2014 П-1 бр.13/2014 – Основен суд- Берово[1]
  Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=918
- Предмет 15.10.2014 П-1-25/14 – Основен суд- Берово[1] Достапно на:
  Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=909
- Предмет 17.09.2014 П-1-22/14 – Основен суд- Берово
  Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=880
- Предмет 04.09.2014 П-1-16/14 – Основен суд- Берово
  Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=878
- Предмет 17.09.2014 П-1-40/14 – Основен суд- Берово
  [1]Достапно на: http://www.osberovo.mk/Odluki.aspx?odluka=881
- Предмет 15.10.2014 П-1.бр.46/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9161
- Предмет 08.10.2014 П-1.бр.24/14 - Основниот Суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9088
- Предмет 04.03.2014 П1.бр.142/13 - Основниот Суд- Кавадарци
  Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3298
- Предмет 04.03.2014 П1.бр.2/13 - Основниот Суд- Кавадарци
  Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3287
- Предмет 26.02.2014 П1.бр.138/13 - Основниот Суд- Кавадарци
  Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3266
- Предмет 17.02.2014 П1.бр.96/13 - Основниот Суд- Кавадарци
  Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3262
- Предмет 12.02.2014 П1.бр.106/13 - Основниот Суд- Кавадарци
  Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3256
- Предмет 12.02.2014 П1 бр.113/13 - Основниот Суд- Кавадарци
  Достапно на: http://www.oskavadarci.mk/Odluki.aspx?odluka=3228
- Предмет 10.10.2014 П1-4/2014 - Основниот Суд- Виница
  Достапно на: http://www.osvinica.mk/Odluki.aspx?odluka=9209
- Предмет 16.10.2014 П1-15/2014 – Основен суд- Виница

[1]Достапно на: http://www.osvinica.mk/Odluki.aspx?odluka=9233

- Предмет 06.10.2014 П1-18/2014 – Основен суд- Виница

  Достапно на: http://www.osvinica.mk/Odluki.aspx?odluka=9169
- Предмет 13.10.2014 П1 Бр. 216/14 - Основниот Суд- Битола

  Достапно на: http://www.osbitola.mk/Odluki.aspx?odluka=20354
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.32/14 - Основен суд- Велес

  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17583
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.57/13 – Основен суд Велес

  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17584
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.67/14 - Основен суд- Велес

  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17585
- Предмет 17.10.2014 П1.бр.75/14 - Основниот Суд-Велес

  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17586
- Предмет 08.10.2014 П1 Бр. 37/14 - Основниот Суд- Битола

  Достапно на: http://www.osbitola.mk/Odluki.aspx?odluka=20324
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.95/12 – Основен суд -Велес

  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17593
- Предмет 17.10.2014 П1.бр. 74/13 – Основен суд- Велес

  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17592
- Предмет 06.10.2014 П1 Бр. 87/1 – Основен суд- Битола

  Достапно на: http://www.osbitola.mk/Odluki.aspx?odluka=20279
- Предмет 14.10.2014 П 1 бр.51/1 – Основен суд- Велес
- Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17543
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.318/12 – Основен суд- Велес
- Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17591-
- Предмет 14.10.2014 П1бр. 48/14 – Основен суд- Велес
- Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17549
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.315/12 - Основниот Суд- Велес
- Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17590
- Предмет 14.10.2014 П1 бр.49/14 - Основен суд- Велес
- Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17550
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.282/12 – Основен суд- Велес

  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17589
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.237/12 - Основен суд- Велес

  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17588

- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.108/11 – Основен суд- Велес
  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17587
- Предмет 21.10.2014 П-1 бр.26/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9206
- Предмет 25.10.2014 П1.бр.103/14 –Основен суд- Велес
  Достапно на: http://www.osveles.mk/Odluki.aspx?odluka=17861
- Предмет 17.10.2014 П-1.бр.04/2014 - Основниот Суд- Делчево
  Достапно на: http://www.osdelcevo.mk/Odluki.aspx?odluka=1653
- Предмет 01.10.2014 П-1 бр.31/14 - Основниот Суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9031
- Предмет 26.09.2014 П-1.бр.32/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=9012
- Предмет 25.09.2014 П-1 бр.54/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8976
- Предмет 19.09.2014 П-1.бр.34/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8943
- Предмет 10.07.2014 П-1 бр.40/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8786
- Предмет 30.06.2014 П-1 бр.7/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8583
- Предмет 30.06.2014 П-1 бр.15/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8582
- Предмет 30.06.2014 П-1.бр.38/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8581
- Предмет 30.06.2014 П-1 бр.18/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8610
- Предмет 30.06.2014 П-1.бр.2/14 - Основниот Суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8612
- Предмет 04.06.2014 П-1 бр.12/14 – Основен суд- Кочани
  Достапно на: http://www.oskocani.mk/Odluki.aspx?odluka=8491

Прилог 2

П-1 22/2014

ВО ИМЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД ВО БЕРОВО, како правостепен граѓански суд од судијата.... како судија поединец, со записничар ..., решавајќи по приватна тужба на тужителот Б..Р од Б застапуван од полномошник адв.Д.К од Б против тужените Ж.М. од с.В., Д.Л. и А.И. и двајцата од К. Р-Х. застапувани од привремениот застапник адв. Т.Д. од Б., за сопственост, вредност на спорот 40.000,00 денари, по одржаната, главна, јавна и усмена расправа, во присуство на тужителот, неговиот полномошник, првотужениот и привремениот застапник на второ и третотужените на ден 21.08.2014 година ја заклучи главната расправа, а денес на ден 29.08.2014 година, ја донесе и објави, следната

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот В:Р против тужените СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ. СЕ УТВРДУВА дека по основ на договор за купопродажба недвижниот имот нива кп.бр...... м.в.С. класа 5 во површина од 482 м2 и дел од кп.бр..... нива во м.в.С. класа 5 во површина од 724 м2 а во мери и граници од исток со кп.бр..... пат на РМ во должина од 4.18м, од запад до кп.бр..... пат на РМ во должина од 4.71м, од север до кп.бр..... во должина од 22.82м и од југ кп.бр..... на тужените во должина од 21,33м во површина од 97 м2 по Ил.бр..... на КО-В. е сопственост на К.Р. поранешен од с.В. и преставува негова нерасправена оставина па СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените да го признаат тоа право и да трпат промени во запишувањето на недвижноста во јавните книги од нивно име на име на К.Р.поранешен од с.В., во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените Д.Л. и А.И.и двајцата од К. - Р. .Х. му платат на тужителот 14.190,00 денари на име парнични трошоци во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Барањето на тужителот да биде задолжен тужениот Ж.М. од с.В. да му ги надомести парничните трошоци по спорот и тужените да му платат уште 7.000,00 денари на име парнични трошоци, СЕ ОДБИВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот на привремениот застапник на второ и третотужените Адв.Т.Д. од Б. да му плати на име парнични трошоци износ од 10.248,00 денари во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Тужителот во поднесената тужба и усно на одржната расправа преку неговиот полнимошник изјави дека неговиот татко К.р.поранешен од с. В. во 1996 година од продавачот П.П. купил недвижен имот ,нива во мв. Б.кп.бр.....,кл.5 со површина од 1.123 м2,по Поседовен лист бр. ... на Ко.В.. Врз основа на заклучениот договор мегу нив станал сопственик на оваа недвижност и стапил во нејзино владение.Во фазата на систематскоро запишување на правата врз недвижностите за Ко В. во 2010 година недвижноста е запишана во Ил.бр..... на Ко.В. под кп.бр..... и дел под кп.бр..... на име на тужените во Ил. бр..... на Ко В..На оваа недвижност од 2001 до 2006 година изградил деловни објекти,без градежно техничка документација ,притоа не бил попречуван од никој.Бидејки во времето на систематското запишување на правата во катастарот на земјишта бил починат ,а недвижноста не била запишана на негово па останала неутврдена и нерасправена како негова оставина .Предложи на судот по спроведување на постапката по оваа тужба да утврди дека по основ на договор за купопродажба недвижниот имот нива кп.бр..... м.в.С. класа 5 во површина од 482 м2 и дел од кп.бр..... нива во м.в.С. класа 5 во површина од 724 м2 а во мери и граници од исток со кп.бр..... пат на РМ во должина од 4.18м, од запад до кп.бр..... пат на РМ во должина од 4.71м, од север до кп.бр..... во должина од 22.82м и од југ кп.бр.... на тужените во должина од 21,33м во површина од 97 м2 по Ил.бр.....на КО-В. е сопственост на К.Р. поранешен од с.В. и преставува негова нерасправена оставина па да се задолжат тужените да го признаат тоа право и да трпат промени во запишувањето на недвижноста во јавните книги од нивно име на име на К.Р. поранешен од с.В. Докази предложи трошоци побара.

Првотужениот во писмениот одговор на тужбата и усно на одржаната расправа го призна тужбеното барање на тужителот .Докази не предложи.трошоци не побара.

Привремениот застапник на второ и трето тужениот, определен од страна на судот по спроведената постапка согласно ЗПП, да ги застапува интересите на второ и третотужените кои се со непозната адреса во странство во одговор на тужбата и усно на одржаната расправа го оспори тужбеното барање на тужителот и предложи на судот по спроведување на постапката врз основа на изведените докази да одлучи по поставеното тужбено барање согласност со закон. Докази не предложи.Трошоци побара.

Во доказната постапка на главната расправа судот изведе доказ со читање на договор за купување и продажба на недвижен имот ЗАв.бр.2-42/1996 од 05.02.1996 година, Пл.бр.....на КО-В. на име на Р.К. изјава за идентификација на АКН - Одделение за катастер на недвижности - Б. по пописен лист бр...... за КО-В. решение О.бр.145/12 -Удр.бр.88/12 од 08.08.2012 година на нотар Ј.Ѓ. од Б., геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени под дел.бр.320/4 од 14.05.2014 година од ДГРУ В.п. - ДООЕЛ-В. Ил.бр...... на КО-В., договор за дар на недвижен имот со задржување право на доживотно живеење Оду.бр.129/12 година од 13.03.2012 година на Нотар ЈГ од Б.

Врз основа на изведените докази, по нива оцена на судотги ценешево смисла чл. 8 од ЗПП ја утврди следнава фактицка состојба:

Спорна недвижност мегу странките е нива кп.бр..... м.в.С. класа 5 во површина од 482 м2 и дел од кп.бр...... нива во м.в.С.класа 5 во површина од 724 м2 а во мери и граници од исток со кп.бр..... пат на РМ во должина од 4.18м, од запад до кп.бр...... пат на РМ во должина од 4.71м, од север до кп.бр...... во должина од 22.82м и од југ кп.бр...... на тужените во должина од 21,33м во површина од 97 м2 запишана по катастарот на недвижности во Ил.бр.....на КО-В.на име на тужените. Идентификацијата на спорната недвижност судот ја утврди од наодот на Вештото лице Геодет.инж.Ј.П.од В. подробно изнесен во Геодетски елаборат за посебни намени по теренска идентификација со премер на парцела Дел.бр.320/4 од 14.05.2014 година на ДГРУ.

Оваа недвижност-нива била сопственост на П.П. од с.В.. По пописниот катастар востановен за КО-В. во 1955 година била заведена под кп.бр.....м.в.Б., кл.5 со површина од 1.123 н2на нејзино име во Пл бр.. на КО-В.

К.Р. поранешен од с.В. татко на тужителот во 1996 година од сопственичката П. ја купил спорната недвижност. Помеѓу нив завериле Договор за купување и продажба на недвижен имот Зав.бр.2-42/1996 од 05.02.1996 година пред овој суд. Договорот бил исполнет меѓу нив како договорни странки. Договорот бил реализиран и во катастарската евиденција и врз основа на истиот купувачот стапил во владение на спорната недвижност и е запишана во сопственост на К.Р. во Пл.бр..... По извршена идентификација со теренско мерење на постојната состојба и составената скица на премерување од вештото лице на лице место е констатирано дека оваа парцела по пописниот катастер се идентификува во блок 13 и се работи за парцела под бр.19 која е омеѓена со белеги по границата со патот има бетонско цокле, од западната страна поставено потпорен зид, од северната страна е оградена со жичена ограда поставена на дрвени колци и на истата сопственикот имал изградено објект - гаражи со автомеханичарска работилница која на источната страна може да се користи и за живеење. Со востановувањето на катастерот на недвижности во 2005 година кој стапил на сила во 2010 година дел од спорната парцела останала незапишана на негово име.Погрешно идентификувана дел од парцелата во вкупна површина од 579 м2 и тоа дел во површина од 97 м2 е евидентиран под кп.бр..... во м.в.С.нива, класа 5 во површина од 724 м2 и дел од кп.бр..... м.в.С. нива, класа 5 во површина од 428 м2 и се запишани на име на тужените И.А. и Д.Л. од К. на по 1/8 идеален дел и тужениот ЖМ на 6/8идеален дел.

Покојниот К.Р. починал во 2008 година. Неговата оставина е расправена со Решение О.бр.../12, УДРбр.../12 од08.08.2012 година на Нотар Ј.Ѓ.од Б. повереник на овој суд. Во оставината утврдена со оставинското решение предметната недвижност не влегла во пописот на оставината на оставителот К.Р. која од склучувањето на договорот за купопродажба ја владеел, притоа не бил оспоруван од никој се до неговата смрт ниту од тужените, а потоа во

владение на неговиот син тужителот В. со кој претходно живеле во заедничко домакинство.

Следната фактичка состојба судот ја утврди од изведените докази. Од изнесената фактичка состојба, врз основа на изведените докази и утврдените решителни факти судот одлучи како во изреката на пресудата од следните причини:

Од сите изведени усмени и писмени докази договорот за купување и продажба на недвижен имот од 1996 година, договорот за дар на недвижен имот од 2012 година, поседовните листи, изјавата за идентификација, оставинското решение, геодетскиот елаборат и изјавата на вештото лице се утврдува дека педметната парцела е сопственост и преставува нерасправена оставина на покојниот К.Р. поранешен од с.В. која до неговата смрт била во негово непречено владение и користење, а потоа на неговите потомци тужителот В. и дека во систематското запишување по катастерот на недвижности е заведена под дел кп.бр......во површина од 97 м2 и под кп.бр...... во површина од 482 м2 на име на тужените запишана во Ил.бр..... на КО-В..

Од договорот за купување и продажба не недвижен имот Зав.бр.2-42/96 од 05.02.1996 година на овој суд се утврдува дека оставителот К. Р. по основ на овој договор од продавачот П.П. од с.В. се стекнал со сопственост на нива кп.бр..... месност Б.во површина од 1123 м2. Од овој договор се утврдува деак по пописниот катастер спорната недвижност била заведена на име на продавачот во Пл.бр.... на КО-В.

Од поседовниот лист бр.....на КО--В. издаден на 16.09.2005 година се утврдува дека кп.бр...... Б. нива, класа 5 во површина од 1.123м2 е евидентирана во сопственост на К.Р.

Од решението О.бр.../12, Удр.бр....12 од 08.08.2012 година на нотар Ј.Ѓ.се утврдува дека во расправената оставина на оставителот К.Р. не влегува како оставина спорната недвижност.

Од геодетскиот елаборат за посебни намени дел.бр.320/4 од 14.05.2014 година на ДГРУ „В.п.“ - ДООЕЛ-В., и изјавата на вештото лице се утврдува дека спорната недвижност во катастерот на недвижности е погрешно идентификувана без теренско мерење на постојната состојба како канцелариска идентификација и дека при увидот на лице место се констатира состојбата на парцелата по пописниот катастер која се наоѓала во блок бр.13 под бр. на парцелата 19 во дадените површини со поставени меѓни белеги на лице место е оградено со бетонско цокле покрај патот, од западната страна потпорен зид, од северната страна ограда со дрвени колци и жичана ограда и изградена зграда на претходникот на тужителот чии делови зафаќаат во површината запишана на сега тужените, а кп.бр...... во целост како што е дадена во катастарскиот план запишана на тужените фактички на лице место е двор на тужителот. На делот од спорната парцела изграден е објект со намена за паркирање на земјоделски машини, односно гаража со работилница изградена од тврд материјал, а на источната страна дел може да се користи и за живеење. Дел од објектот зафаќа и од парцелата под кп.бр...... пат на РМ која не е предмет на овој спор е на западната страна од спорната парцела и

дел од кп.бр.2948 сопственост на тужителот, односно на неговиот правен претходник. На западната страна од спорната парцела на лице место постои пат кој го користи месното население за пристап кон нивни имоти а поминува преку парцела на тужителот. Овие факти укажуваат на неточната идентификација при реамбулацијата вршена после аерофотограметриското снимање за КО-В., после што е направена грешка во запишувањето на парцелите. Во скицата на премерување на вештото лице дадени се распоредот на запишаните парцели, изградениот објект, спорниот дел од парцелата кп.бр.....во определените мери и граници и кп.бр...... запишани во катастерот на недвижности на име на тужените е прикажан распоредот на парцелите според катастарскиот план на кој е нанесен изградениот објект и идентификуваната недвижност на оставителот К.Р..

Од имотниот лист бр.....на КО-В. се утврдува дека спорната недвижност во катастерот на недвижности е запишана на тужените на начин изнесен како напред во фактичката состојба.

Распрашаните свидетели Г.Р. и А.К. во своите изјави ги потврдија фактите дека спорната недвижност била сопственост на К.Р.. кој ја купил од П.П. и дека досега е во непречено владение на правниот претходник до неговата смрт и сега на тужителот.

Првотужениот Ж.М. во писмениот одговор на тужбата го призна тужбеното барање на тужителот во целост. Во неговата изјава на расправата распрашан како странка изјави дека јужната страна од неговата парцела е на тужителот, односно на неговиот татко и помеѓу нив по однос на тоа нема спор. Неговата парцела што ја има добиено во сопственост по основ на договор за дар од неговиот татко евидентирана под кп.бр..со И.Н. во 1996 година извршиле замена за друга нивна парцела во м.в.П. со кого имале заверен договор и реализиран во катастерот, а ја примиле во сопственост парцелата под м.в.Б.кое м.в. до ден денес меѓу населението е познато како Б. а по новиот катастер се води како м.в.С. Неговиот татко со стекнувањето на сопственоста во 1996 година со К.Р. како граничар се имале договорено на своите парцели непречено да си градат објекти едно до друго, меѓутоа неговиот татко не изградил таков објект. Наведе дека тужените Д.и А. имаат парцела под асвалтниот пат која е разделена при правењето на патот и од истата останува дел до неговата што е заменета од нивниот чичко Н.И., а останатиот дел им останува над асвалтот, меѓутоа погрешно им е запишана на нив тројцата како сосопственост.

Во изјавата на тужителот распрашан како странка се утврдуваат фактите дека спорната недвижност е купена од неговитот татко во 1996 година, а погрешно е евидентирана на име на тужените во катастерот на недвижности во 2010 година со новото авионско снимање кога правниот претходник веќе бил починат, а спорната недвижност не влегла во пописот на неговата оставина бидејќи веќе била запишана на тужените .

Според чл.128 од Законот за катастер на недвижности (Сл.Весник бр.40/2008) кој пропис бил на правна сила при востановувањето на катастерот

на недвижности за КО-Владимирово, запишувањето во катастерот на недвижности се врши врз основа на Закон, правосилни судски одлуки, одлуки за привремена мерка и други акти за оибезбедување на побарувањата согласно Закон, конечни, односно правосилни акти на органите на државната власт, Локалнаста самоуправа, правни и други лица кои вршат јавни овластувања и врз основа на правни дела. Согласно чл.138 од истиот пропис катастарет на недвижности се востановува при: систематско запишување на правата на недвижностите, поединечно запишување, запишвшуање на незапишани права на недвижности по востановен катастар на недвижности и конверзија на податоци од катастер на земјиште во катастер на недвижности. Според став 2 востанувањето на катастерот на недвижности од став 1 на Овој член се спроведува без одржување на расправа и без сослушување на странки.

Катастерот на недвижностите како збир на податоци за утврдените права како јавна книга во која се запишуваат стекнатите пренесените ограничените и престанатите права со запишувањето кое е задолжително, се сметаат за точни запишани по службена должност или по барање на странката меѓутоа според чл.177 од Законот за катастер на недвижности секое лице кое има правен интерес можеда бара бришење на запишаното од катастерот на недвижностите во рок од 3 години од издавањето од потврдата за запишување. Согласно чл.7 од Законот за сопственост и други стварни права (сл.весник бр.18/201)стекнувањто, заштитата и престанокот на правото на сопственост и на другите стварни права се уредуваат со Закон.

Согласно чл.112 од ЗСДСП правото на сопственост се стекнува според закон, врз основа на правна работа и со наследување.

Според чл.148 од истиот пропис правото на сопственост на недвижност врз основа на правно дело се стекнвуа со запишување во јавната книга за запишување на правта на недвижностите или на друг соодветен начин определен со Закон. Став 2 определува дека основањето, запишувањето и одржувањето на јавната книга за запишување на правото на недвижностите се вршат на начин и постапка пропишани со посебен Закон. Според страв 3 Правното дејство на запишувањто настанува од моментот кога барањто или исправата за запишување е примена во органот што ја води јавната книга.

Според чл.151 од истиот Закон стекнувачот со запишување стекнува право на сопственост на недвижноста како од сопственик ако врз основа на запишаното во јавната книга за правата на недвижности во добра верба стекната од лице кое било запишано како сопственик на таа недвижност, иако не е, запишаното не било бришано поради неправилности. Според став 2 бришање на запишаното од став 1 на овој член може да се бара поради неточност на претходното запишување со тужба за бришање во рокот 3 години од дено на извршеното запишување

Во конкретниот случај од изведените докази се утврдува дека правниот претходник на тужителот, неговиот тато К.Р. бил запишан како сопственик на предметниот недвижен имот во катастарската евиденција по пописниот катастер врз основа на правниот основ за стекнување со сопственост,

договорот за купопродажба во Пл.бр..... на КО-В. имајќи ја во предвид извршената идентификација на вештото лице во геодетскиот елаборат и скицата на премерување на лице место произлегува дека предметната недвижност погрешно е запишана во катастерот на недвижности на име на тужените во Ил.бр..... на КО-В., основано е барањето на тужителот за утврдување на сопственоста и запишување на правото дека истата е нерасправена оставина на неговиот татко опишано како во фактичката состојба.

Од напред утврдената фактичка состојба и изнесените причини судот одлучи како во изреката на пресудата.

Согласно чл.148 од ЗПП, судот ги задолжи второ и третотужените да ги надоместат парничните трошоци на тужителот во вкупен износ од 14.190,00 денари од кои: 2.400,00 денари на име судски такси за тужба и одлука, 2.600,00 денари за состав на тужба со 30% паушал, по 1.300,00 денари за состав на полномошно и трошковник со по 30% паушал, 6.240,00 денари за застапување на две рочишта со 20% часовнина за два часа и 30% паушал и 350,00 денари трошоци за огласување во службен весник.

Согласно чл.151 судот не го прифати барањето на тужителот да биде задолжен првотужениот да му плати парнични трошоци по спорот, бидејќи во одговорот на тужбата и на одржаната расправа во целост го призна тужбеното барање на тужителот, а го одби и неговото барање да му бидат надоместени 7.000,00 денари за вештачење, од причини што на судот не достави доказ за висината ан платениот износ за вештачење.

Судот го задолжи тужителот да ги надомести парничните трошоци на привремениот застапник на второ и третотужените по неговата согласност врз основа на решението П-1.бр.22/2014 од 10.06.2014 година.

**ОСНОВЕН СУД ВО БЕРОВО**

**29.08.2014год.**

Записничар, Судија,

_______________ _________________

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда недоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на пресудата, преку овој суд до Апелационионот суд во Штип

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Ангелоска-Галевска,Н. (2008), Планирање на научно истражување, Институт за педагогија, Скопје
- Беловски, В., 2010, Авторизирани предавања по стварно право
- Bojadžić, Pravoljub, O dokazu vještačenjem u parničnom postupku, Privredno-pravni priručnik broj 10/68
- Vukcevic, Vojislav, ,,O dokaznoj stazi i opravdanju postojanja dokaza saslusanjem stranaka”, Glasnik advokatske komore u Vojvodine: Casopis za pravnu teoriju i praksu br 11/12, 1971
- Георгиевски. С, Граѓанско процеско право,Скопје,2000,
- Георгиевски. С, ,,Парнична постапка ( второ изменето издание )”, Правен факултет, Скопје, 1988,
- Георгиевски. С, Парнично постапка,Скопје,1984,
- Георгиевски.С,„Основни принципи на ГПП на Република Македонија“,Монографии на Правен факултет,1995
- Calija.B, ,,Gradjansko procesno pravo”, Praven fakultet – Saraevo , 1986,
- Galic, Ales, ,,Pravo na saslusanje i pravna pravila”, Zbornik Pravnog fakulteta” – Zagreb, vol.56 no. 2-3, 2006
- Dika. M,.,Građansko parnično pravo, Parnične radnje, V knjiga, Zagreb, 2008
- Dika, Mihajlo, ,,Dokazivanje saslusanjem stranaka u parnicnom postupku”, Zbornik pravnog fakulteta u Zagrebu, 2005
- Јаневски. А и Зороска Камиловска. Т,Граѓанско процесно право-книга прва,Парнично право(второ изменето и дополнето издание),Скопје, 2012
- Јаневски А и Зороска Камиловска Т,Граѓанско процесно право-книга прва,Парнично право,Скопје ,2009.
- Nikola Opatić, Vještaci – dokazno sredstvo u grananskom parničnom postupku, srucan rad,2004

- Пеливанов,Т.(2002), Методологија на правните и политичките истражувања, НИП Студенски збор, Скопје
- Poznic.B, ,,Gradjansko procesno pravo (devetto izmenjeno I dopunjeno izdanje)", Savremena administracija, Beograd, 1986
- Rajović V. – Živanović M. – Momčilović R., Građansko procesno pravo, Banja Luka, 2001
- Stankovic. G, ,,Gradjansko procesno pravo, kniga prva", Univerzitet – Nis, Jedinica univerziteta u Nisu, Nis, 1987,
- Stanković, Drago, Ekspertiza vještaka i istina, Vještak – 11 (1993)
- Silvija Dzekic, ,,Gradjansko procesno pravo"
- Triva. S, ,,Gradjansko parnicno procesno pravo ( peto izmenjeno I dopunjeno izdanje ) ", Narodne Novine – Zagreb, 1983
- Triva Sinisa, Belajec Velimir, Dika Mihajlo,,Novo parnicno procesno pravo, zbirka radova", Informator, izdavacka kuca, Zagreb, 1977
- Чавдар.К,,Коментар на законот за парнична постапка ( коментар, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар )", Агенција Академик, Скопје, 2006,
- Čizmić, Jozo, Neka razmatranja o vještačenju u parničnom postupku, Hrvatska pravna revija, studeni 2001.
- Живковска, Р., Пржеска, Т., 2011, Општ дел на граѓанското право – Практикум, Европа 92
- Живковска, Р., 2005, Стварно право, Европа 92
- Живковска, Р., 2011, Општ дел на граѓанско право, Европа 92
- Закон за парнична постапка, "Службен весник на Република Македонија бр.79/2005, бр.110/08, бр.83/09, бр.116/10, бр.7/11.
- Закон за катастер на недвижности, „Службен весник на Република Македонија" бр.40/08, бр. 158/10, бр,17/11, бр.51/11, бр.79/12.
- Закон за вонпарнична постапка (2008), „Службен весник на Република Македонија", бр.9/2008.

- Закон за сопственост и дуги стварни права, „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, бр92/08, бр193/09, 35/10.
- Закон за облигациони односи „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, бр.4/02, бр.5/03, бр.84/08, бр.161/09, бр.35/10.
- Закон за денационализација (1998), Службен весник на Република Македонија, бр.20/1998.
- Закон за вештачење, „Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10.
- Законот за земјоделското земиште, „Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, бр.79/13, бр.87/13, бр.106/13, бр. Бр.164/13.
- Законот за градежното земјиште, „Службен весник на Република Македонија“ бр.17/11, бр.144/12, бр.25/13, бр.137/13, бр.163/13.
- Законот за договорен залог, „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/03, бр.87/07, бр.74/12, бр.115/14.
- Кривичен закон
- Правнилник за геодетски работи за посебни намени „Службен весник на Република Македонија“ бр.28/11
- Zakon o parnicnom postupku Republike Srbija, Sluzbeni glasnik, br. 72/2011, cl.74
- http://www.oskocani.mk/
- http://www.osvinica.mk/
- http://www.osveles.mk/
- http://www.oskavadarci.mk/
- http://www.osberovo.mk